




ОД АРТЕФАКТ ДО ИДЕНТИТЕТ СЕДУМ ДЕЦЕНИИ КУЛТУРНА МЕМОРИЈА





НУ Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј-Прилеп

ОД АРТЕФАКТ ДО ИДЕНТИТЕТ, СЕДУМ ДЕЦЕНИИ КУЛТУРНА МЕМОРИЈА

Култура во движење

Прилеп 2025

Издавач:
НУ Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј-Прилеп

За издавачот:
Мимоза Христоска

Уредници:
Биљана Темелкоска
Паре Заревска

Дизајн на корица:
Ирина Христоска

Компјутерска обработка и дизајн:
Биљана Темелкоска

Фотографии:
Димитрија Димески

Лектор:
Елена Апостоловска

Печати:
„Андриано“, Прилеп

Тираж:
70

Монографијата е финансиски поддржана од Министерство за култура и туризам на Република Северна Македонија во рамки на проектот „70 години НУ Завод и Музеј - Прилеп“

Република Северна Македонија
Министерство за култура и туризам

КУЛТУРА ВО ДВИЖЕЊЕ

ИЗЛОЖБЕНА ДЕЈНОСТ

Музеите се ризница на вредности што секоја цивилизација одделно ги создавала низ вековите. Безбројните докази за едни далечни времиња, од праисторијата, преку антиката, средниот век, материјалните и духовните традиции на луѓето кои живееле на овие простори па сè до современата уметност ги формирале богатите музејски збирки.

Истражувањата на стручната и научно-истражувачката работа на стручните лица се презентираат и преку изложбената дејност на НУ Завод и Музеј – Прилеп. Резултатите од својата работа ги презентираат преку тематски изложби од сите области. Активностите за прибирање и истражување на остатоците од материјалната култура на нашите простори започнале со самото формирање на „Народниот музеј“ во 1955 година. Изложбите нè водат низ времето, низ просторот, низ историјата, а преку изложбените поставки вредното историско и културно богатство на Прилеп и прилепско се презентира пред широката јавност.

Музејските збирки создадени од долгогодишните истражувања на вработените, со голем број експонати, каде секој изложен експонат носи своја приказна за минатото, денес се изложени во изложбените поставки кои се во состав на НУ Завод и Музеј – Прилеп и тоа: Меморијален музеј „11 Октомври 1941 година”, Меморијален музеј Кузман Јосифоски-Питу, Музеј за тутун, Спомен дом „Блаже Конески“, с. Небрегово, Галерија на икони, Постојаната археолошка поставка, Лапидариум, Постојаната етнолошка поставка, Роднокрајното музичко творештво, Графички – книжни икони од XVIII и XIX век и Збирка цртежи од Ѓорѓи Ачески.

Со реализирање повремени тематски изложби произлезени се голем број монографски публикации, каталози, каталошки листови и друг пропаганден материјал, кои сведочат за одржаните изложби и претставуваат посебен вид комуникација со широката јавност. Богатството на публикуваниот материјал, како и атрактивноста на темите на кои се посветени, имплицираат дека монографските публикации се значаен вид за презентирање на културно-историското наследство, а честопати се и единствен извор на податоци за следни истражувања.

Во насока на афирмација и презентација на богатото културно-историско наследство на Прилеп и прилепско, НУ Завод и Музеј – Прилеп од своето постоење од 1955 година до денес, има организирано голем број изложби во земјата и странство.

Реализирани изложби

- **Меморијален музеј „11 Октомври 1941“.** Постојана музејска поставка. По повод 20 години од НОВ отворена е постојана музејска поставка со што објектот е претворен во Меморијален музеј „11 Октомври 1941“. Комесар: историчар на уметност, археолог Бошко Бабиќ. Соработници: Цветан Беличанец, Илија Кузманоски, Ранко Финдрик, Благоја Китаноски. Изложбата е отворена на 11.10.1961 год.
- **Постојана археолошка изложба.** Народен музеј – Прилеп. Комесар: историчар на уметност, археолог Бошко Бабиќ. Соработници: Благоја Китаноски и Ранко Финдрик. Изложени се археолошки поситни предмети од различен материјал, фрагменти од фрески, икони, етнолошки материјал и предмети од применета уметност. Изложбата е отворена во 1961 год.
- **Меморијален музеј „11 Октомври 1941“.** По повод 30 години од НОВ постојаната музејска поставка е проширена и збогатена со нови фотографии. Комесар: историчар на уметност, археолог Бошко Бабиќ. Соработници: инж. арх. Ранко Финдрик и работници на Народен музеј – Прилеп. Изложбата е отворена на 11.10.1971 год.
- **Средновековно културно богатство на СРМ.** Комесар: кустос советник, археолог Бошко Бабиќ. Изложбата е отворена во 1974 год.
- **Прилеп – град херој.** Комесар: кустос, историчар Михајло Атанасоски. Изложбата е отворена во 1975 год.
- **Културно богатство на Прилеп.** Комесар: кустос советник, археолог Бошко Бабиќ. Изложбата е отворена во Крушевац на 27.12.1976 год.
- **Меморијален музеј „Кузман Јосифоски-Питу“.** Комесар: кустос советник, археолог Бошко Бабиќ. Соработници: архитекти М. Димовска Чоловиќ, С. Танурова, С. Вренцоски, К. Солунски. Изложбата опфаќа документи, фотографии и етнолошки предмети кои го прикажуваат животниот и револуционерен пат на Кузман Јосифоски-Питу. Изложбата е во

соработка со ОСИЗ на култура, Прилеп и Сојуз на борци. Изложбата ја отвори Бошко Станкоски на 11.10.1977 год.

- **Меморијален музеј „11 Октомври 1941“.** Комесар: Галена Куцулова. Соработници: Климе Коробар, Борко Лазески, Киро Крстески, Илија Велкоски. Затворската просторија е во својот автентичен облик. Останатите простории се адаптирани во изложбен простор во кој е изложен историски материјал од крајот на 19 век и почетокот на 20 век, со тема од национално-ослободителното движење на македонскиот народ, со посебен акцент на Прилеп и прилепскиот крај. Изложбата ја отвори Димче Ѓорѓиоски на 11.10.1983 год.

- **Борбите за ослободување на Прилеп 1941 – 1944 година**. Комесар: кустос, историчар Киро Крстески. Изложбата е отворена во Прилеп во 1984 год.

- **65 години од формирањето на Комунистичката партија на Прилеп.** Комесар: кустос, историчар Киро Крстески. Изложбата е отворена во Прилеп во 1984 год.


- **Меморијален музеј „Кузман Јосифоски-Питу“.** Комесар: кустос, историчар Благоја Талески. Соработник: инж. арх. Васка Печијареска. Изложбата опфаќа документи, фотографии и етнолошки предмети на народниот херој Кузман Јосифоски-Питу. Изложбата е отворена во Куќата на Кузман Јосифоски-Питу на 25.02.1984 год.

- **Постојана археолошка изложба.** Народен музеј – Прилеп. Комесари: кустос советник, археолог Благоја Китаноски, Костадин Кепески и Лилјана Кепеска. Соработници: Васка Печијареска, Радмила Иванишевиќ и работници на Завод и Музеј – Прилеп. Изложени се поситни археолошки предмети, а бројот на експонатите е намален во корист на неолитскиот жртвеник и фотографии. Изложбата е отворена на 09.09.1985 год.


- **Неолит и енеолит во Пелагонија.** Комесар: кустос советник, археолог Благоја Китаноски. Изложбата претставува резултат од соработката помеѓу Завод, Музеј и Галерија – Битола и Завод и Музеј – Прилеп. Со оваа изложба на поширокатa културна јавност и се презентираше еден дел од најзначајните резултати од досегашните археолошки истражувања на овие периоди во Пелагонија. Изложбата е отворена во 1985 год.

- **75 години од убиството на Пере Тошев.** Комесар: кустос, историчар Киро Крстески. Соработници: Благоја Талески,

Илија Велкоски, Васка Печијареска. Изложени се вкупно 85 експонати и тоа документи, фотографии, карти, материјал кој го прикажува животниот и револуционерен пат на Пере Тошев. Изложбата ја отвори Димитар Спиркоски во Дом на култура „Марко Цепенков“, Прилеп на 04.05.1987 год.



• **Иконописот во Прилеп и прилепско за време на преродбата.** 150 години од изградбата на црквата „Св. Благовештение“ во Прилеп. Комесар: кустос, историчар на уметност Славица Алексоска. Соработници: Цветан Гроздановски, Илија Велкоски, Благоја Атанасоски. Изложбата го прикажува иконописот во Прилеп и прилепско за време на преродбата со посебен акцент на делото од двајцата иконописци од Прилеп – Адамче Најдов и Јован Атанасов и Никола Михајлов од Крушево. Изложени беа триесет и пет икони. Заради континуитет прикажани беа и икони кои датираат од 17 и 18 век. Изложбата ја отвори Илија Велкоски во Дом на култура „Марко Цепенков“, Прилеп на 25.12.1988 год.



• **Прилеп и прилепско во ослободителните борби на македонскиот народ 1893 – 1918.** Комесар: кустос, историчар Благоја Талески. Соработници: Илија Велкоски, Васка Печијареска и Радмила Иванишевиќ. Изложбата го прикажува учеството на Прилеп и прилепско во ослободителните борби на македонскиот народ од 1893 – 1918 година. За време на овој период од дваесет и пет години се одиграле многу значајни настани кои хронолошки се опфатени со изложбата. Изложени се вкупно 137 експонати. Изложбата е во соработка со Друштво за наука и уметност – Прилеп. Изложбата ја отвори Борко Лазески во Дом на култура „Марко Цепенков“, Прилеп на 19.10.1989 год.

- **Кантарџискиот и кумен-џискиот занает во Прилеп.** Комесар: кустос, етнолог Петре Чагороски. Соработни-ци: Радмила Иванишевиќ, Илија Велкоски, Благоја Атанасоски, Киро Јованоски. На изложбата беа претставени 66 музејски предмети – производи од два стари занаети: кантарџискиот и кумендискиот. Презентираниот материјал зборува за врвниот дострел на прилепското занаетчиство во втората половина на 19 век и прва половина на 20 век. Изложбата ја отвори Никола Иваноски, директор на Завод, музеј и галерија - Битола во Дом на култура „Марко Цепенков“, Прилеп на 11.12.1990 год.



- **Ликовна изложба на Мајкл Клос – Канада.** Комесар: инж. арх. Васка Печијареска. Соработник: Радмила Иванишевиќ. Изложбата претставува дел од колекцијата слики што Мајкл Клос ја поклони на Завод и Музеј – Прилеп. Тоа беа седумдесет и седум слики во мал формат, варијации на тема – портрет. Најголем дел од оваа колекција портрети е работен во акварел техника, а помал дел во масло и туш. Изложбата ја отвори Трајче Крстески во Дом на култура „Марко Цепенков“, Прилеп, Сала за изложби на 16.12.1993 год.

- **Прилепското училиште 1843 – 1912 година.** Комесар: виш кустос, историчар, Благоја Талески. Соработници: Васка Печијареска, Радмила Иванишевиќ, Димитрија Димески. Оваа изложба го прикажува развитокот на учебното дело од отворањето на Првото народно училиште во 1843 година до Балканските војни 1912 година. Изложбата се отвори во Дом на култура „Марко Цепенков“, Прилеп на 21.02.1994 год.

- **Руралната архитектура во Македонија.** Комесар: инж. арх. Киро Јованоски. Соработници: Радмила Иванишевиќ, Петре Чагороски. Низ 60 оригинални цртежи со мотиви од селската архитектура во Македонија, отсликан е духот и мајсторството на народниот неимар и богатата градителска традиција на овие простори. Изложбата е во соработка со Музеј на Македонија – Скопје. Изложбата ја отвори Драгиша Здравковски, автор на цртежите е архитект Петар Намичев. Изложбата се отвори во Дом на култура „Марко Цепенков“, Прилеп на 01.04.1994 год.

- **Музеј за тутун, постојана поставка.** Комесар: етнолог Александар Цветкоски. Соработници: Радмила Иванишевиќ, Петре Чагороски, Киро Јованоски. Изложбата содржи 720 експонати за уживање на тутун, а во помал дел и за производатсво на тутун. Изложбата е во соработка со Институт за тутун – Прилеп. Изложбата ја отвори Илија Велкоски во Институт за тутун – Прилеп на 22.12.1994 год.

- **Самостојна ликовна изложба Мајкл Клос, Канада.** Комесар: инж. арх. Васка Печијареска. Низ 21 слика во техника акрил на платно, прикажан е дел од ликовното творештво на канадскиот академски уметник од македонско потекло Мајкл Клос. Изложбата се отвори во Дом на култура „Марко Цепенков“, Прилеп на 24.03.1995 год.

- **Оружјето низ вековите.** Комесари: советник кустос, археолог Благоја Китаноски, Костадин Кепески, Лилјана Кепеска; виш кустос, историчар Благоја Талески, Киро Крстески. Соработници: Васка Печијареска, Радмила Иванишевиќ. Во преку 166 изложени експонати може да се види развојот на ладното и огненото оружје и воена опрема од каменото време до Втората светска војна. Изложбата ја отвори Лилјана Кепеска во Дом на култура „Марко Цепенков“, Прилеп на 29.06.1995 год.

- **Казанџискиот занает во Прилеп.** Комесар: кустос, етнолог Петре Чагороски. Соработници: Илија Велкоски, Киро Јованоски, Радмила Иванишевиќ, Димитрија Димески. Преку изложените 118 алати и производи, се следи развојот на казанџискиот занает во Прилеп во периодот од 16-17 до средината на 20 век. Изложбата ја отвори Здравко Маретиќ во Дом на култура „Марко Цепенков“, Прилеп на 12.06.1996 год.

- **Накитот на прилепските ковенции.** Комесар: виш кустос, етнолог Петре Чагороски. Соработници: Радмила Иванишевиќ, Благоја Атанасоски. Изложен беше репрезентативен избор на накит од етнолошката збирка на Завод и Музеј – Прилеп. Изложбата се отвори во Дом на култура „Марко Цепенков“, Прилеп на 14.05.1997 год.

- **Теракотни икони (копии) Виничко Кале.** Комесари: советник кустос, археолог Цоне Крстески, Лилјана Кепеска.


Соработници: Васка Печијареска, Радмила Иванишевиќ. На изложбата беа прикажани 24 копии и 10 фотографии од теракотните икони (IV – VII век), откриени на археолошкиот локалитет „Виничко Кале“ во Виница. Изложбата е во соработка со Музеј на Македонија, Скопје. Изложбата се отвори во Дом на култура „Марко Цепенков“, Прилеп на 15.05.1998 год.

- **Занаетчиски алати.** Комесар: виш кустос, етнолог Петре Чагороски. Соработници: Илија Велкоски, Радмила Иванишевиќ, Паре Михајлоска и повеќе надворешни соработници – занаетчии.



Изложени се 132 експонати кои за основна суровина го имаат металот (калајџиски, пагурџиски, леарски, ковенџиски), дрвото (бочварски, самарџиски, дограмаџиски) и текстилот (шивачки). Изложбата се отвори во Дом на култура „Марко Цепенков“, Прилеп на 26.11.1998 год.

- **Црква „Св. Никола“, Варош.** 700 години од изградбата и живописувањето. Комесари: историчар на умет. Славица Алексоска, историчар на уметност Благоја Атанасоски, арх. Васка Печијареска. Соработник: Радмила Иванишевиќ. Изложени беа 35 експонати, фото-документација, илустративна, техничка документација и оригинални икони од црквата „Св. Никола“ во Варош. Изложбата ја отвори Митрополит преспанско-пелагониски г. Петар во Дом на култура „Марко Цепенков“, Прилеп на 19.12.1998 год.




- **Укијос графика (репродукции).** Комесар: виш конзерватор, архитект Киро Јованоски. Соработници: Петре Чагороски, Александар Цветкоски. Изложбата е во соработка со Музеј на град Скопје. Изложени беа 39 репродукции на укијос графика. „Укијос“ или „модечки свет“ е ново движење кое се појавува во уметноста на Јапонија во раниот 17 век. Изложбата ја отвори Коста Балабанов, почесен конзул на Јапонија, во Дом на култура „Марко Цепенков“, Прилеп, Уметничка галерија на 28.05.1999 год.

- **Христијанството низ материјалната култура во Прилеп и прилепско.** Комесари: кустос советник, археолог Лилјана Кепеска, виш кустос, историчар на уметност Славица Алексоска. Соработници: Радмила Иванишевиќ, Киро Јованоски, Петре Чагороски, Благоја Атанасоски. Изложбата прави пресек на културно-историските, односно материјални остатоци за појавата и развојот на христијанството и христијанските традиции низ вековите на овој простор. Изложени се 107 експонати. Изложбата е отворена во Дом на култура „Марко Цепенков“, Прилеп на 24.05.2000 год.

- **Фотографии од спомениците на културата.** Комесар: Панче Велков. Соработници: С. Миљковиќ, В. Имперјов, С. Марковска, Љ. Раповски, Л. Ангелковска, С. Шовеговиќ-Спировска, Д. Темелкоски. Изложбата е во соработка со Музеј на Македонија. На изложбата беа претставени 162 фотографии од 18 држави, од споменици на културата, учесници на меѓународниот детски и младински конкурс на фотографии во организација на Советот на Европа. Изложбата ја отвори Вангел Штериов, кустос, едукатор, во Дом на култура „Марко Цепенков“, Прилеп, Ликовна галерија на 01.11.2001 год.


- **Галерија на икони „Баба Неделино училиште“.** Комесар: ист. на уметност Илија Велкоски. Соработници: Киро Јованоски, Славица Алексоска, Лилјана Кепеска, Благоја Атанасоски, Петре Чагороски. Во Галеријата на икони „Баба Неделино училиште“, презентирани се 141 експонати, најзначајните примероци од богатата колекција на икони на Завод и Музеј – Прилеп, уште 7 икони од црквите и манастирите во прилепско, археолошки и етнолошки материјал. Стална поставка, на која е презентиран и библиографски материјал и

сликарскиот прибор на зографот Јован Атанасов. Изложбата е отворена на 10.07.2002 год.






- **Споменично наследство од прилепскиот крај - фотографии.** Комесар: конзерватор советник, архитект Киро Јованоски. Соработник: Горан Стојаноски. Изложба на фотографии кои презентираат 17 споменици на култура во прилепскиот крај. Изложбата ја отвори Рубинчо Белчески, во Мала сала за изложби – Галерија на икони, Прилеп на 16.05.2003 год.




- **Борко Лазески, десет годишнина од смртта.** Организатори на изложбата: Друштво за наука и уметност, Локална самоуправа и Завод и Музеј, Прилеп. Видео презентација на делата на Борко Лазески. Изложбата ја отвори Дукадин Камшикоски претседател на ДНУ-Прилеп во Градска библиотека „Борка Талески“, Прилеп на 17.06.2003 год.




• **100 години од Илинденското востание 1903 – 2003.** Комесар: виш кустос, историчар Благоја Талески. Соработник: Илија Ристески. Изложбата е во знак на одбележувањето на големиот јубилеј – стогодишнина од Илинденското востание. Изложени се 68 експонати. Изложбата ја отвори Дукадин Камшикоски во Галерија на икони, Прилеп на 30.07.2003 год.



• **Охридското езеро и неговиот карактеристичен жив свет.** Комесар: виш кустос, историчар Рубинчо Белчески. Соработници: Петре Чагороски и Цветан Цветкоски. Изложбата е во соработка со Народен Музеј „Д-р. Никола Незлобински“, Струга. На изложбата беа претставени 100 експонати. Во изложбата со методи на музејско презентирање (скици, графикони, цртежи од водени и суви препарати) прикажани се општите својства на Охридското езеро и неговото флористичко и фаунистичко богатство. Изложбата ја отвори Рубин Белчески, во Центар за култура „Марко Цепенков“, Прилеп на 14.11.2003 год.




• **Ѓорѓи Ачески-Аче, 90 години од раѓањето.** Комесар: виш кустос, историчар на уметност Илија Велкоски. Соработник: Благоја Атанасоски. Ретроспективната изложба на Ѓорѓи Ачески, дел од неговото огромно творештво, (повеќе од 3000 цртежи) со почит и пиетет ја




одбележа 90-годишнината од раѓањето на уметникот (1914 – 2004). На изложбата беа претставени 34 (триесет и четири) експонати. Изложбата е поставена во Центар за култура „Марко Цепенков“, Прилеп на 29.04.2004 год.


• **Изложба од етнолошките збирки.** Комесар: виш кустос, етнолог Петре Чагороски. Соработници: Илија Ристески, Димитрија Димески, Биљана Темелкоска. Изложбата презентира само дел од богатата збирка на етнолошкото одделение при Завод и Музеј – Прилеп. Изложбата ја отвори Рубинчо Белчески, во Галерија на икони, Прилеп на 18.05.2004 год.



• **Историја на руската дипломатија во документи.** Организатори: Виктор Габер, А.Н. Неатур, А. Вангелов. Изложбата е во соработка со Македонско – руско друштво – Прилеп. Изложбата „Македонија –Русија“ е организирана по повод годишнината од постоењето на Македонско – Руско друштво – Прилеп и 10 години од македонско-руските дипломатски односи. Изложбата ја отвориј Рубинчо Белчески и Агатон Асатур, руски амбасадор во Македонија, во Галерија на икони, Прилеп на 19.03.2004 год.



• **Словенските апостоли Св. Кирил и Методиј.** Организатори: Зоја Богдановска, Снешка Лакалиска. Соработници: Рубинчо Белчески, Габриела Николоска, Петре Чагороски, Димитрија Димески. Изложбата е во соработка со Музеј на град Скопје. Изложениот материјал од 33 експонати, низ слики и зборови сведочи за величината на делото на светите браќа и



нивните ученици. Изложбата ја отвори Рубинчо Белчески, Зоја Богдановска и Снешка Лакалиска во Галерија на икони, Прилеп на 08.12.2004 год.

- **Изложба на каширани фотографии „Тутунот низ мака и убавина“.** Комесар: кустос, етнолог Александар Цветкоски. Соработници: Рубинчо Белчески, Кирил Филипоски и Паре Заревска. Изложбата е во соработка со ЈНУ Институт за тутун, Прилеп и НВО „Агтис“, Прилеп. Изложбата е поставена по повод 80-годишнината од формирањето на ЈНУ Институт за тутун, Прилеп. Претставени се 52 каширани фотографии, снимени од фотографот на Народен музеј, Бранко Јелиќ. Фотографиите ја опишуваат народната манипулација на тутунот и згради на тутунската индустрија во Македонија. Изложбата е отворена во Центар за култура „Марко Цепенков“, Прилеп на 22.12.2004 год.




- **Скутините од прилепскиот крај.** Комесар: виш кустос, етнолог Петре Чагороски. Соработници: Рубинчо Белчески, Илија Ристески, Благоја Атанасоски, Димитрија Димески и Неда Крстеска. Претставени се 20 експонати – скутини од прилепскиот крај и Мариово. Изложбата ја отвори Владимир Караџоски во Галерија на икони, Прилеп на 19.05.2005 год. Во јуни 2005 година изложбата е поставена во Културно-информативен центар на Република Македонија во Софија, Република Бугарија.



- **60 години од големата победа.** Комесар: историчар на уметност со археологија Габриела Николоска. Соработници: членови на Македонско-руското друштво за пријателство и Илија Ристески. Изложбата е во соработка со руската амбасада

во Република Македонија. Изложбата е историско-документарен приказ на 21 експонат и дескриптивен документарен материјал на победата над фашизмот. Изложбата ја отвори рускиот амбасадор во Република Македонија, Агарон Асатур, во Галерија на икони, Прилеп на 01.06.2005 год.






• **Прилеп 1944 – 1990.** Комесар: виш кустос, историчар Благоја Талески. Соработници: Илија Ристески, Димитрија Димески. Низ 98 фотографии, прикажан е стопанскиот развиток на Прилеп од 1944 до 1990 година и станбено комуналната изградба на градот во овој период. Изложбата ја отвори Дукадин Камшикоски во Мала сала за изложби – Галерија на икони, Прилеп на 02.11.2005 год.



• **Историја на руската дипломатија во документи.** Излагач на изложбата беше Македонско - руско друштво - Прилеп. На изложбата се претставени фотокопии од документи од архивите на Министерството за надворешни работи на Руската Федерација. Тие ги отсликуваат основните етапи на развојот на руската дипломатска служба, како и најважните настани во надворешната политика на Русија во изминатите столетија. Изложбата ја отвори секретарот на амбасадата на Руската Федерација Константин Берсенев, во Галерија на икони, мала сала, Прилеп на 23.03.2006 год.



- **Графички листови XVIII – XIX век од збирката на Музеј – Прилеп.** Комесар: виш кустос, историчар на уметност Славица Алексоска. Соработници: Рубинчо Белчески, Биљана Темелкоска, Димитрија Димески. Презентација на 33 експонати од богатата збирка на графички листови на Завод и Музеј – Прилеп. Датираат од 18 до 19 век, а потекнуваат главно од светогорските манастири Зограф, Хиландар, Ватопед и Иврион. Изложбата за првпат беше отворена во Македонски културен центар во Њујорк, САД на 24.05.2006 год.




На 04.08.2006 година, беше претставена пред прилепската публика во Центар за култура „Марко Цепенков“. Изложбата беше поставена во повеќе градови низ Македонија. Во 2010 година беше презентирана во Риека и Лудберг, Република Хрватска. Во 2012 година беше презентирана во Музеј Војводине, Нови Сад, Република Србија.

- **Празнични чорапи од прилепскиот крај.** Комесар: виш кустос, етнолог Петре Чагороски. Соработници: Биљана Темелкоска, Неда Крстеска, Димитрија Димески. Презентација на 20 експонати, чорапи, важен, а често незабележителен дел од македонската народна носија. Изложбата е отворена во Галерија на икони, Прилеп на 03.10.2006 год.



- **Борко Лазески 1917, Прилеп – 1993, Скопје, деведесет години од раѓањето.** Организатори: НУ Завод и Музеј, Друштво за наука и уметност, ЈОУ Градска библиотека „Борка Талески“, Прилеп. Ретроспективна изложба по повод деведесет години од раѓањето на Борко Лазески. Изложбата ја отвори Дукадин Камшикоски, претседател на ДНУ – Прилеп во Центар за култура „Марко Цепенков“, Прилеп на 25.10.2007 год.

• **„Разговор со Винсент“.** Ликовна, повремена изложбена поставка на авторот Маја Ралева. Изложбата е оригинална замисла – реализација на авторот на она што значи содржина и наслов на изложбената поставка (инсталации). Изложбата ја отвори Ацо Миткоски во Галерија на икони, Прилеп на 12.12.2007 год.


Завод за заштита на спомениците на културата
и Музеј на град Прилеп

Ве покануваме на отворањето на изложбата
на
Маја Ралева

„Разговор со Винсент"

Изложбата е поставена во галеријата на икони
-Бабаведелиното училиште-
Среда 12. 12. 2007 год. 19 часот

• **Прилеп низ стари фотографии.** Комесар: виш кустос, историчар Рубинчо Белчески. Изложбата ја отвори Роберт Јанкулоски, раководител на Македонскиот центар за фотографии, Скопје. Презентирани се 30 (триесет) фотографии на Прилеп. Периодот што го опфаќаат фотографиите е од 1888 па сè до 60-тите години на 20 век. Фотографиите се од различни фотографи и сопственици, а за изложбата ги изработи фотографско студио „Фото Зрак“, Прилеп. Изложбата е отворена во Центар за култура „Марко Цепенков“, Ликовна галерија, Прилеп на 02.12.2010 год. Изложбата е поставена и во Музеј Галерија, Кавадарци во април 2015 година.




• **Меморијален музеј „11 Октомври 1941“**. По повод 70 години од востанието на македонскиот народ против фашистичкиот окупатор, објектот е целосно санира, а постојаната музејска поставка е преуредена и збогатена со нови музејски експонати. Комесар: виш кустос, историчар Рубинчо Белчески. Соработници: архитект Зоран Николовски, виш конзерватор, архитект Илија Ристески, фотограф Димитрија Димески, Биљана Темелкоска, Радмила Иванишевиќ и други вработени од установата. Изложбата ја отвори министерот за култура Елизабета Канческа-Милеска на 10.10.2011 год.

• **Постојана археолошка поставка**. Педесет години по отворањето на првата постојана археолошка изложба поставена во 1961 година, истата е преуредена и збогатена со голем број на музејски експонати и фотографии. Комесари: кустос советник, археолог Лилјана Кепеска, кустос советник, археолог Ацо Миткоски и виш кустос, археолог Душко Темелкоски. Соработници: Зоран Николовски, фотографии Роберт Јанкулоски, фотограф Димитрија Димески, конзерватор советник, архитект Васка Печијареска, конзерватор Горан Стојаноски, Биљана Темелкоска и други вработени од установата. Изложбата ја отвори министерот за култура, Елизабета Канческа-Милеска на 24.12.2011 год.





• **„Чадот на задоволството“.** Комесар: виш кустос Марија Мурцева. Соработник: виш кустос, етнолог Александар Цветкоски. Претставени се 416 експонати од збирката на Музејот за тутун – Прилеп и тоа: каширани фотографии, церади од уметнички слики, прибор за уживање на тутун, прибор за припрема на тутун за лула, прибор за чување на тутун и бурмути, запалки, кибрити и пирогени, финални производи од тутунската индустрија. Изложбата е во соработка со Музеј на Македонија, Скопје. Изложбата е отворена во Музеј на Македонија, Скопје на 19.05.2012 год.



• **Прилеп низ стари фотографии.** Комесар: виш кустос, историчар Рубинчо Белчески. Презентирани се 30 (триесет) фотографии на Прилеп. Периодот што го опфаќаат фотографиите е од 1888 па сé до шеесеттите години на 20 век. Фотографиите се од различни фотографи и сопственици, а за изложбата ги изработи фотографско студио „Фото Зрак“. Изложбата ја отвори Рубинчо Белчески во Музеј Галерија Кавадарци, во април, 2015 год.

• **Ченто – биографија низ фотографија.** Комесар: кустос советник, историчар Рубинчо Белчески, автор на текстот во каталогот. Соработници: Биљана Темелкоска, Димитрија Димески. На изложбата се презентирани 20 церадни платна (пластифицирани фолии) поставени на исто толку алуминиумски банери. Истата содржи факсимили на: 224 фотографии, хронолошки подредени, на кој е Методија Андонов-Ченто, но и фотографии на дела создавани во чест на Ченто, споменици, спомен-обележја, други уметнички дела, книги и слично. Излагачи на изложбата се: Слободан Беличански и Марија Јакимоска (ќерка на Методија Андонов-Ченто). Изложбата е отворена во НУЦК „Марко Цепенков“ , Прилеп на 24.07.2017 год.




... Фотографијата е вистински времеплов која на истражувачот му овозможува контакт со едно минато време. Преку замрзнати моменти, таа „зборува“ за разни случки и настани. Доколку пак се однесува на личност, без разлика кога фотографијата е создадена и дали сме ја познавале личноста или не, личноста ни станува препознатлива и драга, а со тоа и емотивно поблиска, воедно, буди уште поголем интерес за „запознавање“ со личноста и нејзините карактерни особини. Така е и во нашиот случај.

Рубинчо Белчески

По повод одбележувањето на 60-годишнината од смртта на
МЕТОДИЈА АНДОНОВ – ЧЕНТО
НУ Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј – Прилеп
Ве покануваа на отворање на изложбата:
„ЧЕНТО – БИОГРАФИЈА НИЗ ФОТОГРАФИЈА“
Автор: Рубинчо Белчески, историчар - кустос советник
24.07.2017 година (понеделник) во 20.00 часот
Ликовна галерија на НУ Центар за култура „Марко Цепенков“ - Прилеп

Изложбата е поставена и во:

- Музеј Галерија, Кавадарци на 17.11.2017 год.;
- Музеј на град Неготино на 11.12.2017 год.;
- ЛУ Народен музеј Велес, Ликовен салон на 09.02.2018 год.;
- Музеј „Теракота“, Виница, Дом на култура „Тошо Арсов“ на 06.03.2018 год.;
- Дом на култура „Мирка Гинова“, Музеј Галерија, Демир Капија на 20.03.2018 год.;
- НУЦК „Бели Мугри“, Кочани на 12.04.2018 год.;
- Јавна локална библиотека „Илинден“, Делчево, Спомен дом „АСНОМ“ на 23.04.2018 год.;
- НУ Музеј на Западна Македонија во НОВ, Кичево на 07.11.2018 год.;
- НУ Музеј на тетовскиот крај, Тетово, Меморијален музеј „Гоце Стојчевски“ на 19.11.2018 год.;

- НУЦК „АСНОМ“, Гостивар на 05.12.2018 год.;
- НУ Музеј на македонската борба за самостојност, Скопје на 15.09.2022 год.;
- НУ Музеј Куманово на 07.10.2022 год.;
- НУ Историски музеј, Крушево, Споменик „Илинден“ („Македониум“) на 04.11.2022 год.;
- НУ Завод и Музеј, Охрид, Спомен куќа на Христо Узунов на 18.11.2022 год.;
- НУ Центар за култура „Браќа Миладиновци“, Струга на 02.12.2022 год.;
- ОУ Дом на култура, Македонски Брод на 15.12.2022 год.;
- ЈОУ Дом на култура „Илинден“, Демир Хисар на 10.04.2023 год.;
- ЈОУ Музеј на град Кратово на 25.04.2023 год.;
- ЈОУ Дом на култура „Злетовски рудар“, Пробиштип на 10.05.2023 год.;
- НУ Завод и Музеј, Струмица на 26.05.2023 год.;
- НУ Музеј Гевгелија на 09.10.2023 год.;
- ЈОУ Дом на култура „Бранд Петрушев“, Богданци на 11.12.2023 год.;
- ЈОУ Дом на култура „25 Мај“, Валандово на 20.12.2023 год.;
- ЈОУ Дом на култура „Драги Тозија“, Ресен на 26.03.2024 год.;
- Меморијален музеј „11 октомври 1941“, Прилеп на 24.07.2024 год.;
- Меморијален музеј „11 октомври 1941“, Прилеп на 23.09.2024 год.; (Проект: „Ченто во училишните библиотеки“, Манифестација: Денови на европско наследство)
- НУ Центар за култура „Марко Цепенков“, Прилеп, (по повод ослободувањето на Прилеп) на 03.11.2024 год.

- **Хартиени – графички икони од XVIII до XIX век од збирката на НУ Завод и Музеј – Прилеп.** Комесар: виш кустос, историчар на уметност Мимоза Христоска. Текстот во каталогот е изработен од Мимоза Христоска и Славица Алексоска. Колекцијата на хартиени – графички



икони ја сочинуваат стотина графики коишто се изработени од гравери чија цел била да ја презентираат православната религија преку приспособување на старата техника кон новиот материјал. Дел од графиките се припишуваат на Константиновата печатница, дел се графики на Антим од Пелопонез, на монахот Кирил, на Партениј од Закинтос, како и отпечатокот од бакрорез од 1780 година, дело на Захариј Орфелин и многу други. На изложбата се изложени 43 оригиналини графики, врамени, хронолошки подредени. Изложбата е отворена во изложбениот простор во „Бабанеделино училиште“ на 13.05.2022 год. Изложбата е поставена и во НУ Завод и Музеј, Струмица на 20.04.2023 год. и во Музеј на град Скопје на 03.09.2024 год.

- **Прва сликарска работилница – Инклузивни музеи (Уметноста во служба на убавото и корисното).** Комесар: кустос, историчар на уметност Елизабета Иваноска и кустос, археолог Габриела Христовска. Излагачи на изложбата: Верче Николоска, Раде Иваноски, Викторија Димеска, Филип Јовески, Аце Јошески, Теа Петреска, Евгенија Најдоска. Беа изложени 33 ликовни дела од излагачите, а изложбата имаше хуманитарен карактер. Изложбата беше отворена во НУЦК „Марко Цепенков“, Ликовна галерија, Прилеп на 21.10.2022 год.



- **Втора сликарска работилница – Инклузивни музеи.** Комесар: кустос, историчар на уметност Елизабета Иваноска и кустос, археолог Габриела Христовска. Изложбата ја отвори Елизабета Иваноска. Излагачи на изложбата беа 11 учесници, од кои шестмина академски сликари: Александар Џинго, Дарко Талески, Бојана Артиновска, Марјан Стојаноски, Маја Ралева-Миладиновски и Ферди Булут, а останатите пет, сликари аматери: Филип Јовески, Викторија



Димеска, Раде Иваноски, Верче Николоска и Аце Јошески. На изложбата беа изложени 22 ликовни дела од уметниците. Изложбата беше отворена во НУЦК „Марко Цепенков“, Ликовен салон, Прилеп на 22.12.2023 год.

- **Привремена изложба на каширани фотографии „Земјата – банка, Тутунот – студентски кредит“.** Комесар: кустос советник, етнолог Александар Цветкоски, Соработници: Мимоза Христоска и Паре Заревска. На изложбата беа изложени 70 експонати. Излагачи на изложбата: НУ Завод и Музеј – Прилеп, УКЛО – Битола. На изложба беа презентирани каширани фотографии од Музејот за тутун, во сала, на штафелаи и други држачи за експонатите. Прикажување на фази на народната манипулација со тутунот и споредба со индустриска манипулација со тутунот, прикажување фази на научен процес со тутунот и осовременувањето на тутунопроизводството. Изложбата беше отворена во Културен и информативен центар – Битола на 25.04.2024 год.



- **Али Фети Окјар – истомисленик и соработник на Ататурк.** Комесар: кустос советник, историчар Рубинчо Белчески, автор на изложбата и текстот. Соработници: Жарко Ристески и Биљана Темелкоска. Изложбата е резултат на истражување, како и фотографии кој ги достави Али Фети Окјар, внук на Али Фети Окјар. Изложбата е поставена на 12 роло банери со церадни платна на кои се прикажани 150 фотографии на Али Фети Окјар, неговата фамилија, како и голем број заеднички фотографии со „таткото на Турција“ – Ататурк. Изложбата беше отворена на денот кога се одбележаа 85 години од смртта на Мустафа Кемал Ататурк, а и по повод одбележувањето на 80 години од смртта на Али Фети Окјар и 100 години од прогласувањето на Турција за



Република на 29.10.1923 година. Изложбата е отворена во НУЦК „Марко Цепенков“, Прилеп на 10.11.2023 год.
Изложбата е поставена и во:

- Крушево, во рамките на Семинар во организација на Асоцојацијата на наставници по историја на Македонија (АНИМ) на 25.11.2023 год.;
- НУ Историски музеј, Галерија „Никола Мартиноски“, Крушево на 29.11.2023 г.;
- ЈОУ Дом на култура „Бранд Петрушев“, Богданци на 19.03.2024 год.;
- НУ Национална галерија на РС Македонија, Чифте Амам, Скопје на 21.05.2024;
- Македонски културно-информативен центар, Истанбул, Република Турција на 12.05.2025 год.

- **„111 години Аче“ збирка цртежи од Ѓорѓи Ачески при НУ Завод и Музеј – Прилеп.** Комесари: виш кустос Паре Заревска и кустос, историчар на уметност Елизабета Иваноска. На изложбата беа презентирани 26 цртежи од музејската збирка Аче и други цртежи и пишан материјал во ракопис во сопственост на неговото семејство. На изложбата беа присутни внуците од ќерка на Ѓорѓи Ачески-Аче со семејството. Амбиентот на самата изложба пресликуваше соба и атмосфера од времето на Ачески, од минатиот век. Изложбата е отворена на 10 април, точно на 111-годишнината од неговото раѓање. Изложбата е отворена во НУ Завод и Музеј – Прилеп, мала галерија во „Бабанеделиното училиште“ на 10.04.2025 год.



- **„Екфрасија – цртам зборови – говорам слики“.** Комесари: виш кустос Паре Заревска и кустос, историчар на уметност Елизабета Иваноска. Изложбата е тематска и беа презентирани 9 уметнички дела и 9 литературни творби со содржина на тема музеј. Излагачи на изложбата беа 18 учесници од кои 9 академски сликари:



Елена Димоска-Николоска, Маја Најдоска, Марта Макеска, Бојана Артиновска, Ферди Булут, Дарко Талески, Александар Цинго, Марјан Стојаноски, Славчо Павлоски и 9 литературни творци: Лина Димоска, Марија Симоноска, Петар Петрески, Блага Тутеска, Божана Тренческа, Верче Искова, Марија Ѓорѓиоска, Тони Павлески и Елена Јандреоски. Изложбата придонесе за подигнување на свеста за важноста на инклузивноста во музејското работење и активностите на музејот. Изложбата е отворена во НУ Завод и Музеј – Прилеп, Лапидариум на 01.07.2025 год.

• **„Прилепските вајари творци како феникси“ III-та генерација.** Комесар: соработник за меѓународна соработка Маја Ралева-Миладиновски. Изложбата е тематска и беа презентирани 11 уметнички дела – скулптури и 10 банери, односно беа прикажани дела од 3-тата генерација на прилепските вајари. Излагачи на изложбата беа: Емил Солески, Марија Стојаноска-Петковски, Миле Брцески, Методи Исков, Филип Пересќи, Маја Ралева-Миладиновски, Софија Грабулоска, Марјан Стојаноски, Славчо Павлоски и Давид Атанасоски. Изложбата е отворена во НУ Завод и Музеј – Прилеп, Лапидариум на 24.09.2025 год.



• **„ВЕЧИТО – Богдан Богдановиќ“.** Изложбата беше во соработка со Центар за истражување и валоризација на градителското наследство ВАМ – Белград, Уметничка галерија на Босна и Херцеговина – Сараево, НУЦК „Марко Цепенков“, Прилеп и НУ Завод и Музеј – Прилеп. Изложбата ги претстави резултатите од најновите истражувања на спомениците на архитектот Богдан Богдановиќ во Македонија, заедно со богата ретроспективна поставка на целиот опус на овој автор. Изложбата беше проследена со богата придружна програма која вклучува водства од кустоси низ изложбата, премиерно



прикажување на филмот „Делото на Богдан Богдановиќ видено од земја и од небо“ (88 мин.) од авторот Предраг Новаковиќ, како и дигиталната училница со работилници за деца и млади „ВЕЧИТО – Богдан Богдановиќ“. Работилниците ги водеше историчар на уметност Аида Шарац Бербиќ, музејски едукатор. Покрај одбележувањето на стогодишнината од раѓањето на југословенскиот архитект Богдан Богдановиќ и 65 години од иницијативата за подигање на прилепскиот меморијал „Могила на непобедените“, со манифестацијата се одбележуваат и 80 години од победата во Втората светска војна. Проектот е кофинансиран преку заедничка акција на Европската Унија и Фондот за Западен Балкан (WBF). Изложбата е отворена во НУЦК „Марко Цепенков“, Прилеп на 09.10.2025 год.

- **„Врбјанска Чука: зрно по зрно, погача“.** Комесар: вонр. проф. Гоце Наумов. Изложбата е резултат на долгогодишната соработка меѓу НУ Завод и Музеј – Прилеп и Центарот за истражување на предисторијата, која беше насочена кон проучување на неолитскиот локалитет Врбјанска Чука, формиран пред околу 8000 години како тумба карактеристична за Пелагониската Рамница. На изложбата беа претставени најновите резултати од мулти-дисциплинарните истражувања со повеќе македонски и европски институции, а кои дадоа сосема ново видување на овој мошне значаен локалитет за македонската и светската археологија. Беа изложени околу 100 предмети, прекрасни артефакти откриени од целокупното проучување на Врбјанска Чука, со што, покрај научните сознанија, беа истакнати уметничките и техничките достигнувања на едни од првите земјоделци во Македонија и претставува осврт на она што е сработено во последните 10 години. Изложбата е отворена во НУ Завод и Музеј – Прилеп, постојана археолошка поставка на 31.10.2025 год.



Биљана Темелкоска
библиотекар советник

Едукативниот аспект на музеите е вграден во темелите на институцијата и се проткајува низ сите одделенија и низ целокупната нејзина дејност. Нашата едукативната мисија ја остваруваме преку програмски, проектни активности и еднодневни настани кои се насочени кон различните категории посетители. Радува фактот што наидуваме на комплетна поддршка од Министерството за култура и туризам, кое секоја година сè повеќе ги поддржува нашите едукативни, интерактивни и инклузивни активности. Тоа е наш поттик за креирање нови разновидни содржини во кои секако, ги имплементираме европските актуелни искуства за подигање на свесноста за заштита и промоција на културно наследство коешто е живо затоа што е резултат на интеракцијата помеѓу луѓето и нивната околина, а пред сè на колективниот напор на граѓаните на ЕУ за заштита на наследството за генерациите кои доаѓаат. Со секоја активност настојуваме да влијаеме на посетителите и да култивираме публика која нераскинливо ќе биде поврзана со вредностите на културното наследство. Посебно внимание посветуваме на застапеноста на културното наследство во школските програми на основните и средните училишта, што е наш репер во креирањето на интерактивните работилници кои се наменети за учениците и младинците. Се базираме на класичните методи за едукација, новите методи за презентирање и интерпретирање наследство, современите трендови за неформално образование и специфичните барања и потреби на непосредната заедница. Секако, ја почитуваме европската конвенција за вредноста на културното наследство [CETS 199 - Council of Europe Framework Convention on the Value of Cultural Heritage for Society].

Во планирањето на идните едукативни програми, покрај тоа што ги анализираме стандардните показатели на интерес и посетеност, внимателно ги разгледуваме и *тивките муабетења* на групите посетители, кои додека влегуваат во постојаните поставки тивко си ги шепотат своите очекувања, а кога си заминуваат погласно ги искажуваат своите впечатоци и воодушевувања од нарациите што ги слушнале и артефактитие кои ги виделе или почувствувале („*ќе дојдеме пак"* – ни велат дечињата; – *ќе им ги раскажете ли и овие приказни и на нашите роднини и пријатели од Германија, Холандија, ...Америка, Австралија*...не прашуваат на заминување; Амбасадорите на

странските држави сè почесто резервираат термин за следна посета на која ќе присуствуваат и вработените во амбасадите...) и тоа се нашите посебни индикатори, мотиватори и предизвици на коишто се стремиме поодговорно и попрофесионално да одговориме.

Во просториите на НУ Завод и Музеј - Прилеп, формиравме посебна просторија - **едукативен центар** во кој располагаме со современи дигитални алатки кои го поттикнуваат креативниот потенцијал на нашите кустоси, кои пак ги користат како мамец за да го привлечат вниманието и да ги заинтересираат дечињата, младинците, зумерите, милениумците, бумерите .... на кои покрај партиципаторните презентации им нудиме и кратки дигитални игри, сè со цел да им го олесниме пристапот до културното наследство и да им го приближиме начинот на живот во минатото како и навиките на некогашните хумани заедници.

Нашата идна цел ќе биде креирање разновидни едукативно-игровни работилници, публикации, енигматски листови, друштвени и дигитални игри преку коишто учесниците, посетителите и сите заинтересирани во музејот ќе препознаат игралиште на кое може да се истражува, открива и експериментира, за сметка на компетитивноста, а во полза на тактилното и мисловно-духовното задоволство.



Едукативен центар, работилница „Археологија и вселена“ сегмент партиципаторна презентација, 2023 год.

Во страниците што следат, ви презентираме хронолошки преглед на избрани едукативни, интерактивни и инклузивни активностите, кои со повисок интензитет се реализирале од почетокот на 21 век.

1985 – 86: Ретроспективна изложба на Јордан Паноски Моцо

Најраните зачувани податоци за практикување на едукативна дејност на нашата институција не водат до осумдесетите години на минатиот век, кога во 1985 - 86 год. во просториите на тогашниот Дом на културата „Марко Цепенков“, Народен музеј - Прилеп, започнува соработка со учениците од културолошката струка од гимназијата „Мирче Ацев“, Прилеп, во поставувањето на **Ретроспективната изложба на Јордан Паноски Моцо,** со цел промовирање на музејската дејност и запознавање на средношколците со предизвиците, со кои тие би се соочиле во професионалното реализирање на струката – културолошки техничар, застапена во образовната програма на средното училиште. Младинците од втора година, под водство на музејските кустоси се воведени во задачите на кустосите и се непосредно вклучени во креирање на концептот на изложбата, непосредното поставување на делата и водење на посетителите.

1997: Проект: Ловци на бизони

Интересот на учениците за праисторијата, покажан во текот на редовните школски посети на Постојаната археолошка поставка, иницира проектна соработка со учениците од основното училиште „**Кочо Рацин**“ во 1997 година. Како завршна активност е поставена драмската игра **„Ловци на бизони“**.



Драмска игра „Ловци на бизони“,
ентериер на Постојаната археолошка поставка, 1997 год.

2003 - 2006: Проект: „Нашето минато“

Во период **од 2003 до 2006 год.,** реализиран е образовно-едукативниот проект **„Нашето минато“**, со цел интерактивно запознавање на учениците со богатото културно наследство во Прилеп и неговата околина, и тоа непосредно преку разгледување на музејските збирки и поставки и со посета на многубројните споменични обележја. Во 2003 година во холот на гимназијата „Мирче Ацев“ на изложбено пано беа поставени 17 цртежи и 19 фотографии создадени од учениците учесници врз основа на впечатоците кои учениците ги стекнуваа во текот на реализирањето на проектните активности. Сите гимназијалци имаа можност да ја погледаат изложбата. Како завршна активност беше одржан квиз натпревар во знаење.

Во квизот се искомбинираа игрите асоцијација, пантомима, бесилка и брза историја, а се промовирани културни манифестации (Долненски фестивал) ликови (Марко Цепенков) и артефакти (фибула).

Музејскиот тим, во соработка со професори од **Гимназијата „Мирче Ацев“** од Прилеп (Марта Макеска, Блаже Димоски, Кире Николоски) ги подготви прашањата за квиз натпреварот. Три ученици, членови на секцијата по информатика, под водство на професорот Игор Димески, го направија техничкото компјутерско обликување на квизот. Проектот беше медиски покриен во информативно-политичкиот дневник „Спектар“ на НТВ – Прилеп.



Квиз во Гимназијата „Мирче Ацев“, Прилеп

Проектот „Нашето минато“ продолжува со реализација и следната 2004 година, кога се вклучени 28 ученици од основното училиште **„Гоце Делчев“**, под водство на наставничката по историја Величе Лесновска. Во текот на четири работни денови учениците ја разгледаа Етнолошката изложба на стари предмети и ја посетија црквата Св.

Благовештение, Галеријата на икони во „Бабанеделиното училиште“, средновековниот град Маркови Кули и варошките цркви Св. Архангел Михаил и Св. Димитрија, Могилата на непобедените, Меморијалните музеи „11 Октомври 1941“ и „Кузман Јосифоски-Питу“.

Во завршниот дел од проектот беше поставена изложба на 17 цртежи, 24 фотографии и 8 реферати создадени од учениците учесници, збогатена со стари предмети кои ги донесоа дечињата.

Проектот медиумски беше презентиран во политичко-информативниот дневник „Спектар“ на НТВ – Прилеп, каде што во емисијата „Средби“ беше емитуван 30 минутен прилог со учесниците и натпис во месечното списание „Порта“.



Изложба во холот на ООУ „Гоце Делчев“, 2004 год.



Учесниците во проектните активности, 2004 год.



Стари предмети од учесниците, 2004 год.

Проектот продолжува и во 2005 год. со професорот по предметот Урбана култура, Цане Котески и 14 средношколци од ДЕТУ „Кузман Јосифоски-Питу“. По посетата на изложбените поставки и значајни културно-историски споменици во околината на градот, младинците поставија изложба со 15 цртежи и 30 фотографии изработени во текот на реализацијата на проектот. Во информативно-политичката емисија „Спектар“ се емитуваше прилог за проектот.



Пред црквата Св. Арахангел Михаил




Учесниците од ООУ „Климент Охридски“ пред Маркови Кули



Изложба на дела

Во реализацијата на проектот во 2006 година учествуваа учениците од ООУ „Климент Охридски“ - Прилеп, под водство на професорката Каролина Јовеска.



„Од нашето минато“, цртеж од Ангела Атанасоска



„Куршумли Ан“, фотографија од Владимир Хаџи Спироски

Оваа непосредна соработка со наставниците и учениците има силно влијание на сите музејски работници кои во голема мера ги подесуваат своите презентациски вештини соодветно на учениците посетители, ги издвојуваат приказните кои се наменети за деца од оние кои се наменети за младинците. Градат посебен пристап кон различните категории и видови посетители било да се тоа колеги професионалци, хобисти или трагачи по атрактивни факти и артефакти. Внимателно ги издвојуваме приказните кои сакаме да ги пренесиме и прашањата кои, зависно од конкретната состојба, треба да се отворат.

2019 – 2024: Проект: „Хепенинг - New event - Tention“

Во рамки на проектната програма, финансиски поддржана од Министерството за култура, го реализиравме овој проект со деца од различни возрасти преку неколку работилници. Посебна група активности беше наменета за деца со попреченост кои ги посетуваат специјализираните центри. Овој проект ја развива мултикултурата со тенденција да премине кон интеркултура.

Во 2019 година се одвиваше работилница ***„Што има во музејот?“,*** со деца на 6-годишна возраст од ЈОУДГ „Наша иднина“ – Прилеп. Целта беше уште од најмали нозе малите дечињата да се запознаат со музејската дејност и артефактите коишто нашите предци ги користеле како прибор за јадење, накит или платежно средство.



Каков прибор за јадење користеле нашите прадедовци





Цртаме и моделираме во едукативниот центар

Работилница „Различни, а еднакви“

Мултикултурните народни носии, обичаи и ора од различни етникуми, нè прават различни само по изглед, но еднакви во сè друго, и уште повеќе нè приближуваат едни кон други во секоја сфера на нашето социјално живеење.



Македонско оро



Босанско оро

Работилница со средношколци - уметници од СОУ „Мирче Ацев“, Прилеп

Талентираните средношколци се запознаа со облеките од антика и среден век. Под менторство на наши уметници насликаа мурали во Лапидариумот.

Хепенинг во чест на Блаже Конески

Оваа едукативно-културна активност е прва од серијата настани реализирани во Спомен домот „Блаже Конески“ во с. Небрегово, со деца од ЈОУГД „Наша иднина“, Прилеп. Започнавме со сплет од музички балет на песната „Македонија“ од Ристо Самарџиев, во дворното место пред куќата околу јарболот со македонското знаме.



Сплет танци пред јарболот со македонското знаме

Поетскиот дел се одвиваше внатре во куќата. Децата се претставија со сопствен рецитал за Блаже Конески. На крај, како придружен настан децата ги запознавме со животот и делото на Блаже Конески покажувајќи им го ентериерот на овој Спомен дом.
Во втората работилница дечињата од детскиот центар „Тик-Так“ изведоа драмски музичко-сценски перформанс со наслов: „Именденот на Блаже“.



„Именденот на Блаже“

Во чест на Петти мај, Денот на македонскиот јазик и азбука, учениците од ООУ „Блаже Конески“, под менторство на наставничката Елена Димоска, инспирирани од поезијата на Блаже Конески, создадоа ликовни творби, а членовите на подмладокот на Друштвото на писателите од Прилеп, под менторство на Марија Симоноска, пишуваа поезија на лице место пред куќата на Блаже Конески.
Поезијата од Блаже Конески беше рецитирана на 7 јазици: македонски, англиски, албански, германски, влашки, босански и турски. Потоа во атарот на куќата се изведоа мултукултурни ора од секоја националност на училиштата.



Поезија од Конески на влашки



Поезија од Конески на англиски

Овие настани се заокружија со инструментална изведба на народни ора од подмладокот на КУД „Мирче Ацев“, Прилеп.



Женски подмладок на КУД „Мирче Ацев“, Прилеп

Великанот е показ, патоказ и инспирација на идните генерации. Учениците од СЗКТ Народна техника, Прилеп изработија мали макети од родната куќа на Блаже Конески, и заедничка голема макета која ја подарија на НУ Завод и Музеј - Прилеп, а стои во самиот Спомен дом. Децата од Едукативниот центар „ЕДУ - шампиони“ изработија детска макета со природен материјал (пченица, ориз, сламки, чкорчиња, леќа), изработки со ликот на Блаже Конески, а во самиот Спомен дом ни се претставија со самостоен рецитал за великанот Блаже Конески.

2003 – 2023: Проект: „Училиштата во музеите или музејот во училиштата“

Во наведениот период, во европски и светски рамки, музеите својот фокусот го поместуваат кон нематеријалното, недопирливо културно наследство, кое е мошне специфична категорија, особено во делот на заштита каде се потребни посебни методи за заштита. Од 2003 година во деценискиконтинуитет се одвива имплементација на проектот „**Училиштата во музеите или музејот во училиштата**“, кој заради комплексната природа на недопирливото наследство и специфичноста на алатките за негова заштита е претставен во поглавјето за Социјална и духовна култура.

ИНТЕРАКТИВНИ РАБОТИЛНИЦИ

2020 година

Омилени кај учениците и младинците се **интерактивните работилници** кои ги создаваме базирајќи се на класичниот дедуктивен метод, следејќи ги актуелните трендови на едукативната методологија. Интерактивните работилници ги подготвуваме, промовираме и реализираме во рамки на манифестацијата **Европски денови на културно наследство**, а ги организираме и на барање на зинтересирани групи посетители. Во целосниот процес на нивно креирање, непосредно се консултираме со наставниците и стручниот школски персонал. За секоја работилница подготвуваме дигитални и партиципаторни презентации, интерактивни енигматски листови со задачи, мапи на размисла и на крајот симболично ги наградуваме учесниците.

Изразуваме благодарност кон сите наши досегашни учесници и соработници, особено до основните и средни општински училишта, градинки и едукативни центри.

Подетални информации и фотографии за сите наши активности, ве поканuваме да погледнете на нашата веб-страна https://www.muzejprilep.org.mk/

и Фејсбук профил
https://www.facebook.com/zavodimuzejprilep

2022: „Мултиперспективноста на културно-историските споменици“

Интеракцијата на тема **Мултиперспективноста на културно-историските споменици**, имаше цел да го поттикне критичкото размислување кај *зумерите - генерација „зет“*.
Во просториите на **Меморијален Музеј „11 Октомври 1941“** – Участок, Прилеп, ги реализиравме трите работилници: Обуј ги чевлите од друг, Погледни од другата страна и Влези во туѓа кожа, на кои поделивме печатени листови со енигматски наведени задачи, чии решенија учесниците можеа да ги дознаат ако внимателно го ислушаат наративот на кустосите и ако аналитички ги погледнат изложените експонати, документи и фотографии.



Поделба на интерактивните сетови



Одговарање на поставените вежби

Препознавајќи го креативниот потенцијал и љубопитноста кај *миленијумците* со кои се среќаваме кога ни доаѓаат во посета во музејските поставки, ги ставаме во улога на *истражувачи на културното наследство*, па низ креативните интерактивни работилници заедно ги подобруваме презентациските вештини и ги совладуваме алатките за аналитичко читање на историските, литературните, ликовните извори. Стекнуваме нови вештини кои ни помагаат во препознавањето на историски вистини, полувистини и лаги, во толкување на народни преданија, митови, сказни и песни, се здобиваме со способност за аргументирано искажување на индивидуалните погледи на историските настани.

Во 2022 година подготвивме интерактивна работилница за младинците од повеќе европски земји кои учествуваа во проектот Мировни линии – Берлин, иновативен проект кој комбинирајќи ги среќавањето, помирувањето и образованието користи иновативен метод за младите да ги запознае со пресвртниците во европската историја.




Амбасадорите на „Мировните линии“ во Участокот

2023 година

2023: Интерпретација на Меморијалниот музеј „Кузман Јосифоски-Питу“

Во Меморијалниот музеј „Кузман Јосифоски-Питу“, според принципите на интерпретација на културно наследство со ученици од **средно и основно образование** организиравме серија интерактивни работилници, од кои ја издвојуваме „Нашите врсници во време на Втората светска војна“, кога со *основците* од ООУ „Кире Гаврилоски-Јане“ ги искористивме атрактивните експонати од постојаната поставка за да го разбудиме нивниот интерес за детските игри на улицата „Косовска“ бр. 15, каде тој живеел; за анегдотите со Борко (името што требало да го носи Кузман) во школските денови, за шарпата што ја добил како награда за постигнатиот успех. Ги поттикнавме да прашуваат и на секое нивно *зошто* не одговоривме со *затоа што,* но кратко раскажавме за поуките од учителот Станко, за восхитувањата од подвизите на јунакот Данко, за дружбите со Стив Наумов во битолскиот парк, за непобедивиот шахист Кузман и стратегот на комунистичката партија Питу... Учествуваа три одделенија, под менторство на наставничките Јованка Антоска и Розита Кареска (приближно 50 ученици и 3 наставници).



Учениците од ООУ „Кире Гаврилоски-Јане“, Прилеп во „Детската соба од Кузман“



„Пред мусандрата од семејството Јосифоски“

Дигиталните алатки ни помогнаа да покажеме дека археологијата не подразбира само копање и старудија, но во функција на истражување, рекогносцирање и скенирање археолошки наоѓалишта ги користи најсовремените дигитални алатки и технологија. По прикажаната презентација „Археологија и вселена“ следуваше интерактивната работилница со којашто ги охрабривме учесниците да не отстапуваат пред грешките, туку да се справуваат со предизвиците. Четирите интерактивни работилници ги реализиравме со наставници и ученици од основни училишта: ООУ „Гоце Делчев“, ООУ „Кире Гаврилоски Јане“ и ООУ „Рампо Левката“.



Постојана археолошка поставка, интерактивна работилница „Допрете ја историјата“

2023: „Нарација, креација и меморија“,

Популаризирање на спомеличниот комплекс „Могила на непобедените“ и интегрирање на локалната заедница во заштита на спомеличкото културното наследство остваривме со учениците од ООУ „Кочо Рацин“, Прилеп. Во интерактивната работилница **„Раскажуваме, креираме, а потоа мемориране“**, го применивме наративниот метод на когнитивно спознавање и меморирање нови содржини, при што in situ ја претставивме идејата на творецот Богдан Богдановиќ, а во училницата ги синтетизиравме неговите сеќавања за времето на изградба на спомеличната целина, која од идеја до реализација е завршена во најкраток рок од една година, па се закити со уште еден атрибут спомеличка целина изградена во најкраток рок на светско ниво.


Во реализирање на настанот беа вклучени три одделенија (приближно 60 деца) под менторство на наставниците: Анета Станкоска, Горан Аврамоски и Ванчо Спиркоски.



„Кочо Рацин на Могила“



Запознавање со творбата на Богдан Богдановиќ



Богдан Богдановиќ е архитект, академски професор и пријател на Прилеп

2023: Религиозното поведение на Марковите потомци

Едукативната еко-тура низ варошките цркви и дескриптивното вреднување на историско-уметнички вредности на нивните фрески се одвиваше во пет работилници. Со Кралот Марко и со митолошкиот лик на јунакот се запознаа повеќе од 200 ученици, под менторство на 9 наставници од основните училишта од градов.



Во дворот на црквата Св. Никола, Варош



Марковите потомци под Марковите Кули – Прилеп

2023: Култ, жртвеник и неолитска куќа

Со дигиталната презентација, ја илустриравме идејата за живеењето во куќа и издигнувањето на моделот на куќа – големата мајка на ниво на култ кон семејното живеење. Продолживме со тактилно сензорни методи, за да ја разјасниме симболиката на поставеноста на отворите на куќата – жртвеник во Постојаната археолошка поставка. Во трите работилници учествуваа 90-тина ученици под менторство на 9 наставници од основните училишта од градов.



Во праисторискиот дел од
Постојаната археолошка поставка

2023: Мимика, Кинезија и Ишарет

Со мимика, кинезија и ишарет се сретнавме во едукативниот центар за да си кажеме дека само со едно суптилно движење на деловите од лицето – мимика, може да се пренесе порака или да се искаже воодушевување, со едно архетипско подигање на раката или ногата во ритам на тапанот да се искаже тешкото поднесување на народските маки, или со едно намигнување да се сигнализира дека нештото е тајна. На 28.9. и 29.9.2023 година се одржа трипартитна, интерактивна и едукативна работилница за заштита на движењата што се применуваат во нашата социјално-духовна традиција. Идиоматската подготовка е на м-р Александар Цветкоски, кустос советник, а реализацијата на работилниците на м-р Паре Заревска, виш кустос. Експозе - Меморијален музеј „Кузман Јосифоски-Питу“ и Постојана археолошка поставка. Дигитална презентација и интерактивни работилници се одржаа во Едукативниот центар. На четирите работилници учествуваа 80 - 90 ученици под менторство на 4 наставници од основните училишта во градов.



Средбата со „Мимика“ во Едукативниот центар

Оваа интерактивна работилница посебно ја организиравме за посетителите од Вршац, Горњи Милановац и Белград, кои им беа гости на наставниците од ООУ „Кире Гаврилоски-Јане“, Прилеп. Меѓународната група ја посети Постојаната етнолошка поставка и Галеријата на икони, а потоа учествуваше на интерактивната работилница во Едукативниот центар, каде ги компариравме македонските и српските народни умотворби, при што и самите непосредно се вклучија. Во една многу пријатна атмосфера, на македонски јазик ги изговараа и брзозборките и поговорките наши, а ги изведоа и нашите мимики.



Со посетителите од Вршац, Горњи Милановац и Белград



Посетителите во Галеријата на икони

2023 - 2024: Проекти: „Мариовски народни носии - сега и овде“ и „Мариовски народни носии - II, низ креативни раце“

Во овој период реализирани се два проекти со главен акцент на мариовската народна носија - машка и женска, карактеристична за Мариово и Прилеп. Проектите беа реализирани од кустос етнолог Горанчо Цветкоски, соработник за меѓународна соработка м-р Маја Ралева-Миладиновски и надворешен соработник од Институт за старословенска култура - Прилеп, фолклористот м-р Горан Василевски.



Проектот, одобрен од Министерството за култура во 2023 година имаше акцент на популаризација и зашита на културното наследство, опфати едукација на ученици преку предавање и визуелно запознавање со мариовската народна носија. По неколку училишни едукативни предавања, следуваше и едукативна работилница со ученици од различна школска возраст, кога беа изработени хартиени кукли „Мариовки“ (со претстава на женска мариовска носија) од страна на учениците како сопствена креација базирана на визуелно памтење.




Изработки на хартиени кукли „Мариовки“

Во 2024 година, во втората фаза, проектот вклучи едукација и популаризација на нашето културно наследство, приспособена за деца и млади. Претходното знаење дозволи поопширно предавање со акцент на женската мариовска народна носија и нејзина детализација.

Активностите се одвиваа во три фази. Рамка на самата работилница беше **„Автентичноста на мариовската народна носија“** со сите нејзини впечатливи атрибути и беше наменета за ученици од различна возраст (основно и средно образование), а беше вклучен и наставниот кадар. Методологијата на едукација се состоеше во поттикнување креативно изразување и изработка на финален производ во народен стил. Низ проектот младите се стекнаа со нови знаења преку креативно учење, со цел да го негуваат нашето културно богатство.

2024: „Отворете ја градската порта“

Од кога, како и зошто луѓето патувале, пропатувале и допатувале во Македонија се прашањата за кои создадовме енигматски листови, според методот базиран на прашања и побаравме одговори во текот на интерактивната работилница која ја започнавме со дигитална партиципаторна презентација. Целевме кон дигитално визуелизирање на патиштата и начините на кои племињата и народите во различни временски периоди надоаѓале на територијата на Северна Пелагонија. Докази за присуството на автохтоното население, војниците и освојувачите, побаравме меѓу експонатите во Постојаната археолошка и етнолошка поставка и откако ги видовме артефактите и ги слушнавме фактите, застанавме пред музејските порти, каде си поигравме со поставените прашања. Тие ги разиграа дечињата и им ги размрдаа мозочињата, па ги изговорија позитивните одговори, поради што и заслуживме да ни се отворат портите, овојпат музејските порти, како сеќавање на средновековната традиција практикувана пред градските порти.



Промо постер - Veni vidi amavi (дојди, види, засакај)



Пред портите на НУ Завод и Музеј - Прилеп



Од кога почнало патувањето – во Постојаната археолошка поставка

2024: Симболичка акултурација


Во Музејот за тутун низ дебатни разговори ја отворивме темата за поврзаноста на народите и културите, преку размена на елементи на културата од секој вид, па и преовладувачки културни матрици. Денешните виртуелни, а не само физички текови и нови „патишта“ за поврзување и влијание им овозможуваат среќавање и на оние на кои тутунот им е мотив и инспирација, експерти од областа на етнологија, антропологија, социологија, историја на уметност, филозофија, уметници, личности - кои директно работат со тутун или ги испитуваат ефектите од тутунопроизводството, аналитичари на културни модели, иновации и цивилизациски вредности.



Заинтересираните за феноменот на тутунот

2024: Музејски приказни и поучни пораки

Целта на оваа едукативна работилница е раскажување на допирлива приказна и една многу поучна порака, посебно наменета за помладите генерации, преку културното наследство и избрани артефакти од Постојаната археолошката поставка. Разговаравме за жртвеникот, посветен на мајката – соодветно на моделот на неолитска куќа насловен „Мајка - куќа“ и секако заедно преку разговор со дечињата ја извлековме поучната порака за значењето на мајката, нејзината големина како потпора и носечки столб во една куќа, за значењето на светлината и темнината во куќата.



Постер за промоција

Во вториот дел од самиот настан раскажувавме за „девојката жртва“, при што го објаснивме самиот поим – жртва, причината поради која се случува самата жртва, тогашните верувања во хтонските божества, местоположбата на гробот, којашто е најголем доказ дека станува збор за жртва, поврзаноста со манастирот Св. Архангел Михаил и со лековитата вода. Секако на крајот најважното - поучна порака за децата.



Раскажуваме со учениците од ООУ „Блаже Конески“ и ООУ „Кочо Рацин“, Прилеп

Како последна тема од овој настан беше митолошката приказна за Дедал и Икар – не случајно избрана, ја завршивме со повеќе од две поучни пораки, кои децата многу добро ги прифатија.



Извлекуваме поуки

2024: „Сите патишта водат кон Рим“, античката патна мрежа и експлоатацијата на прилепскиот мермер

Предавања на тема: „Сите патишта водат кон Рим“, античката патна мрежа и експлоатацијата на прилепскиот мермер“. Учесници: ученици од СОУ „Ристе Ристески-Ричко“.

Ова предавање беше со цел учениците да се запознаат со почетоците и методологијата на градењето на римската патна мрежа, да се здобијат со основно познавање на импресивните инженерски вештини и логистика на античките Римјани. Да ги продлабочат знаењата за воената логистика преку наведени примери за примарната цел во римскиот систем на автопати - воениот транспорт. Исто така, учениците имаа можност да се запознаат со повеќе примери за начинот на експлоатација на мермерот во античкиот период од најпознатото рудно наоѓалиште за мермер – Сивец, во околината на Прилеп до локалните скулпторски работилници.



Дигитална презентација во едукативниот центар



Во Постојаната археолошка поставка

2024: Развојниот пат на музејската библиотека

Во специјализираната библиотеката и едукативниот центар на НУ Завод и Музеј - Прилеп беше одржано предавање на тема: „Развојниот пат на музејската библиотека - културна врска со заедницата“. Се одржа предавање, на кое присуствуваа група ученици од прилепското училиште СОУ „Ристе Ристески-Ричко“. Ова предавање беше со цел учениците да се запознаат со почетоците на работењето на специјализираната библиотека, нејзиниот развоен пат и начинот на работа пред и по воведувањето на COBISS - Кооперативен онлајн библиографски систем и сервиси.

Во денешно време библиотеките не можат да ја одиграат својата улога доколку нивното функционирање не е поддржано од современа информациска и комуникациска технологија. Тие мора да се поврзуваат и на тој начин да обезбедат услови за културна врска со заедницата. Присутните беа информирани за COBISS системот и тоа дека обучениот библиотекар е клуч и посредник помеѓу заинтересираниот корисник и бесконечниот свет на информации. Учениците беа запознати со тоа како можат полесно да дојдат до бараната литература за изработка на училишните проекти со помош од библиотекарот и од нашите стручни лица, во овој случај од нашиот археолог Оливера Јандреска за темата: „Сите патишта водат кон Рим“ - античката патна мрежа и експлоатацијата на прилепскиот мермер.



Учениците од СОУ „Ристе Ристески-Ричко“, Прилеп во специјализираната музејска библиотека



Предавање за COBISS системот во Едукативниот центар

2024: „Македонија – раскрсница на Балканот во минатото“

Предавања на тема „Македонија – раскрсница на Балканот во минатото“ се одржаа со ученици од прилепските училишта СОЕПТУ „Кузман Јосифоски-Питу“ и ООУ „Добре Јованоски“. Фокусот на предавањето беше запознавање на учениците со значењето на географската положба на РС Македонија, која отсекогаш била раскрсница каде се преплетувале култури од соседните региони.

Во праисторијата поврзаноста со нив е преку глинените фигурини на мајки - богинки и разни облици на садови и накит, во времето на Римската империја, тоа е главната патна артерија VIA EGNATIA, додека во средниот век градот Прилеп во еден период имал особена трговска врска со влијателните градови републики Венеција и Дубровник.



Ученици од ООУ „Кочо Рацин“
во Постојаната археолошка поставка



Учениците од ООУ „Кочо Рацин“, Прилеп во Едукативниот центар

2024: Револутивните изуми и симболичката комуникација во неолитот низ призмата на локалитетот Врбјанска Чука

Предавање на тема „Револутивните изуми и симболичката комуникација во неолитот низ призмата на локалитетот Врбјанска Чука“. Предавањето се концентрираше на почетоците на неолитот и новите појави во тоа време, како што се припитомувањето животни, доместицирањето растенија, приготвувањето на лебот, примената на керамиката, градењето на првите куќи, сликањето на садовите, изработката на човечките претстави итн. Овие мошне значајни достигнувања за човековата еволуција се претставија преку примери евидентирани во Пелагонија и особено на археолошкиот локалитет Врбјанска Чука кај село Славеј. Присутните ученици беа мошне љубопитни и преку интеракција со гостинот се запознаваа со придобивките на неолитот и нивниот континуитет до денес.



Учениците од ООУ „Гоце Делчев“ со д-р Гоце Наумов

2024: „Ченто во училишните библиотеки“

Во годината на одбележување 80 години од одржувањето на Првото заседание на АСНОМ чиј претседател на Президиумот бил Методија Андонов-Ченто, човекот визионер кој се бореше за независна и самостојна Македонија, на сите училишни библиотеки подаривме по еден примерок од Фотомонографијата „Ченто - биографија низ фотографија“ во издание на НУ Завод и Музеј - Прилеп, од авторот Рубинчо Белчески, историчар, кустос советник. Ја продлабочивме добрата соработка помеѓу НУ Завод и Музеј – Прилеп и училиштата од општините Прилеп, Долнени и Кривогаштани.



Професори и ученици на доделувањето на монографската публикација во „Участокот“



2024: „Ајде шетај низ чаршија“

Согласно препораките на Европскиот совет за култура, во 2024 година започнавме со создавање на едукативни игровни активности кои се карактеризират со забава и стимулација на сетилата, преку непосреден допир на избрани предмети од музејскиот фонд. Го избравме хибридниот метод за креирање на интерактивни работлиници во кои ги синхронизиравме предностите на дигиталните алатки со класичните дедуктивни методи за стекнување нови знаења. Се сконцентриравме на историските документи, пишаните историски и ликовни извори, како и репрезентативните артефакти и експонати од сите постојани поставки на Завод и Музеј, Прилеп. Преку применување нови методи за музејска презентација за деца и млади си поставивме за цел *зумерите* да ги освестиме за можноста и должноста за заштитата на културното наследство. Им разјаснивме дека тоа не е нити чудно нити невозможно, но дека започнува со совесно однесување и почитување на спомениците на културата кои сме должни да ги сочуваме, за тие по нас и тие по нив да им посведочат на идните генерации за сè што било и поминало, за она што не треба да се повтори, за она што треба да нè подучи и она што треба да се прослави.

Ги опфативме сите општински основни училишта од Прилеп и Прилепскиот Регион и на сите кои никогаш до сега не го посетиле музејот им ги претставивме нашите репрезентативни експонати. Тоа го направивме применувајќи ги новите методологии испробани од поголемите европски музеи, кои развиваат програми за музејска едукација, култивирање и инволвирање на различни категории публика.

Креиравме едукативните сетови, дигитални партиципаторни презентации и друштвена игра со картички, па тргнавме меѓу основците за да го разбиеме стереотипното перципирање на музејот како аквариум *во кој ништо не може да се допире*. Како што класичните педагози советуваат, а современите прифаќаат: низ игра најдобро се учи, ја започнавме играта и на нивните школски клупи ги распославме нашите креативни картички и им ги објаснивме правилата за друштвената игра „*Ајде шетај низ чаршија*“. Со креативните картички ги изиграvме игрите: меморија, асоцијација парови, па зумерите ги поканивме да ни предложат нова игра, за која тие сами ќе ги креираат правилата. Сите си посакаа – *ај уште една партија* ☺ и нè мотивираа да создадеме едукативно-забавна публикација „Музејски забавник“, којашто е презентирана во поглавјето за едукативна дејност на НУ Завод и Музеј - Прилеп во оваа публикација.



Неколкумина никогаш не биле во музеј.
Ученици од ООУ „Страшо Пинџур“, с. Мало Коњари



ООУ „Пецо Даскало“, с. Долнени

2024: „Накитот низ вековите во Македонија како инспирација за идните генерации“

Работилници во просториите на Едукативниот центар во соработка со СОУ „Ристе Ристески-Ричко“ – Прилеп, под водство на наставник Методи Исков и ученици од 1-ва година струка графички дизајнери, и од ООУ „Кочо Рацин“ учениците од 4-то одделение со наставничката Павлинче Велјановска.

Имавме кратко запознавање како вовед низ историјата, за изработката на накит преку приложени фотографии и десетина примери кои на учениците им беа поттик за реализација на нивните изработки на накит.

Пред да започнат со изработките имаа даден избор на материјали приближни или како асоцијација на оригиналните кои им служеа како пример од приложените фотографии.



Упатување на учениците во техниките на изработување на накитот

На работилницата учениците за изработка на накит ја покажаа својата креативност и изработија прекрасни детски експонати на средновековен накит.



Изработките од малите вешти јувелири

2024: Едукативна работилница и хорски изведби

Учениците од ООУ „Климент Охридски“ и ООУ „Кочо Рацин" - Прилеп, се запознаа со стари народни инструменти (тапан, гајда, зурла, дудук, кавал, хармониум) за кои учеле на часовите во редовната школска програма по предметот музичко образование. Разговоравме за забавата на младите во минатото и различните форми на дружење што ги практикувале нивите предци (забава, рефене, матине, кермес, повечеринка). Воодушевено ги ококорија љубопитните очиња пред сознанието дека од нашиот град потекнуваат многу изведувачи на изворни (Пеце Атанасоски), народни (Нина Спирова, Селимова- Желчески, Блага Петреска, Захаринка Милосављевиќ, Гога Зафироски, Коста Смилески...) песни.

КУД „Мирче Ацев и поп мелодии (групите „Бен Хур“, „Ристо Бомбата“, „Кучешка тенија“, „Банкрот блуз бенд“ и др...) диригентот на прилепскиот блех оркестар Илија Јанчулески... За крај, учениците под менторство на наставничката Маја Џопа ја изведоа мелодијата „Чукни во дрво“ од Влатко Стефаноски чие семејство живеело во Прилеп.



Хорчето од ООУ„Климент Охридски“, Прилеп

Школски сценарија за документарени филмчиња

2021: „100-годишнината од раѓањето на Блаже Конески“

По повод 100-годишнината од раѓањето на Блаже Конески и денот на мајчиниот јазик, ученичката Галина Стрезовски од VII одд од ООУ„Кире Гаврилоски-Јане“ под наше музејско менторство успеа да сними краток документарен филм со кој аплицираме на конкурсот од ЕДКН и влеговме во најуспешните што се гледа од признанијата добиени од

директорката на Европската канцеларија Асиа Салникова (Cancil of Europe) и Европската комисија Јута Кастнер (Europen commission).

2023: Школски документарец за „Участокот“

Едно, допадливо *документирање по детски терк,* за Меморијалниот музеј „11 Октомври 1941“ - Участок, направивме во соработка со учениците од ООУ „Климент Охридски“, Прилеп. Мудрите глави под менторство на предметниот наставник по македонски јазик и литература Јулијана Талеска, истурија грст прашања кои ги разјаснивме во текот на тематското водење низ спомнатиот музеј, по што се зафативме со креирање на сценариото, според кое во снимениот видео материјал вештите *видео едитори* го применија своето искуство од *скролање, постирање* прегледување *шортови*, *рилсови*, *поткасти* и што ли уште не ... па измонтираа документарно филмче преку коешто своите врсници ги запознаа со фактите, документите и приказните што се чуваат во паметникот на првото народноослободително востание од 1941 год. Филмчето е поставено на следниов линк: https://www.facebook.com/100057408431472/videos/1386422625586027

ИНКЛУЗИЈА

2019: Работилница: „Боиме народен вез и слушаме музика“

Деца со попреченост од специјалните паралелки при ООУ „Климент Охридски“, Прилеп, запознавајќи се со музејските содржини и активности, создадоа слики инспирирани од везови на народната носија.



Цртаме и боиме народни везови

2022, 2023: Проект: „Уметноста во служба на убавото и корисното“

Едукативно-инклузивниот проект го реализирвме преку работилници во кои учествуваа ученици и повозрасна популација популарано именувана генерација „*бејби бумери*“.

Еден таков едукативен проект е „Инклузивни музеи“ - уметноста во служба на убавото и корисното, кој го реализиравме преку сликарски работилници, во кои учество зедоа академски сликари, но и сликари аматери.

Досега се реализирани две сликарски работилници, од кои првата во просториите на музејот, а втората на терен, на Вештачкото Езеро и во манастирот Св. Димитрија во с. Селце.

На првата сликарска работилница учествуваа: Филип Јовески, Раде Иваноски, Верче Николоска, Аце Јошески, Викторија Димеска, Теа Петреска и Евгенија Најдоска, сликари аматери, вљубеници во уметноста кои твореа и се едуцираа под менторство на академскиот сликар Бојана Артиновска. Амбициозното посветено работење создаде 33 уметнички ликовни дела кои беа презентирани на хуманитарна изложба која беше поставена во ликовната Галерија на НУЦК „Марко Цепенков“, Прилеп.

Целта на овој проект е социјализација, комуникација, дружење при што се создава ново, убаво и корисно. Уметност која се искористи во хумана цел што претставува наша морална општествена одговорност.



Промотивен постер – работилница 1



Промотивен постер – работилница 2



Во Едукативнот центар – работилница 1



Во атељето на Бојана Артиновска – работилница 1

Втората сликарска работилница се одвиваше на терен „an plen air“ и тоа на две локации: Вештачкото Езеро и манастирот Св.Димитрија во с. Селце. Во неа учество зедоа 11 учесници, 6 академски сликари (Александар Цинго, Дарко Талески, Марјан Стојаноски, Ферди Булут, Маја Ралева-Миладиновски и Бојана Артиновска, која воедно беше и ментор на 5-те учесници сликари аматери (Филип Јовески, Викторија Димеска, Верче Николоска, Раде Иваноски и Аце Јошески).

Беа насликани вкупно 22 дела кои беа презентирани на Ликовна изложба во Галеријата на НУЦК „Марко Цепенков“, Прилеп, а истите останаа во трајна сопственост на НУ Завод и Музеј - Прилеп, за збогатување на фондот слики во одделението на современа уметност.

Носители на овој проект се Елизабета Иваноска и Габриела Христовска.

Значењето на овој проект е повеќекратно не само од уметнички аспект, туку и од културно-социјална перспектива, уметноста зближува и создава, не само визуелно убаво ами и корисно и за учесниците и за консументите.



Во дворот на манастирот Св. Димитрија, с. Селце



Уметниците „ан плен ер“ - Вештачко Езеро, Прилеп

2023: Работилница: Виртуелни 3Д анимации за седумте светски чуда од стариот и новиот век

Со децата од дневниот центарот за лица со посебни потреби „Суница“, Прилеп и децата од дневниот центар за церебрална парализа ги погледавме анимациите и научивме интерени детали за седумте светски чуда.




Дневен центар за лица со попреченост „Суница“, Прилеп

2024: „Современата уметност како инспирација за идните генерации“

Оваа инклузивна работилница беше наменета за повозрасната популација која заврши со изложување на создадените дела во Лапидариумот на Завод и Музеј – Прилеп, каде творците (Емил Солески, Лепа Милошеска, Методи Исков, Елена Димоска, Верче Николоска, Филип Јовески, Марјан Стојаноски, Филип Пересќи, Маја Ралева Миладиновски и Славчо Павлоски) ги интерпретираа своите дела.



Уметниците ги интерпретираат своите творби пред посетителите

Времената изложба ја посетија и ученици од од текстилната струка при СОУ „Ѓорче Петров“ - Прилеп, учениците од ООУ „Добре Јованоски“ и ООУ „Кочо Рацин" - Прилеп.
На учениците им доделивме „Музејски пасош“, а на авторите и наставниците благодарници за соработката.



Посетителите од текстилната струка



Посетителите од основните училишта

Паре Заревска
виш кустос

ИЗДАВАЧКА ДЕЈНОСТ

Издавачката дејност на НУ Завод и Музеј – Прилеп е произлезена од стручните лица, кои преку повеќе научни и стручни публикации, книги, монографии, водичи и друг вид пропаганден материјал ја презентираат својата научно-истражувачка работа.


Со реализирање повремени тематски изложби, издадени се и голем број каталози, каталошки листови и друг пропаганден материјал.

1. Бошко Бабиќ, **Краток преглед на спомениците на културата на Прилеп и прилепскиот крај,** Прилеп, Народен музеј, 1971.






2. **BALCANOSLAVICA,** Периодично списание за археологија, Прилеп: Центар за истражување на старословенската култура, Белград: Сојуз на археолошките друштва на Југославија, броеви: 1/1972, 2/1973, 3/1974, 4/1975, 5/1976, 6/1977, 7/1978.




3. Ј. Тодоровиќ, Д. Симоска, Б. Китаноски, **Зачетокот и развојот на првите земјоделски заедници во неолитскиот период и нивниот премин во метално доба на подрачјето на Пелагонија, (завршен извештај),** Прилеп: Народен музеј, Битола: Завод за заштита на спомениците на културата, природните реткости и Музеј и Галерија, 1980.



4. Иконописот во Прилеп и прилепско за време на преродбата, Прилеп: Завод за заштита на спомениците на културата, природните реткости и Музеј, 1988, (каталог од изложба).



5. Прилеп и прилепско во ослободителните борби на македонскиот народ 1893 - 1918, Прилеп: Завод за заштита на спомениците на културата, природните реткости и Музеј, 1989, (каталог од изложба).



6. Петре Чагороски, **Кантарџискиот и куменџискиот занает во Прилеп,** Прилеп: Завод за заштита на спомениците на културата, природните реткости и Музеј, 1990, (каталог од изложба).



7. Прилепското училиште 1843-1912 година, Прилеп: Завод за заштита на спомениците на културата, природните реткости и Музеј, 1994, (каталог од изложба).





8. Оружјето низ вековите, Прилеп: Завод за заштита на спомениците на културата, природните реткости и Музеј, 1995, (каталог од изложба).







9. Лилјана Кепеска,
Задна Река – Грмајте: средновековна некропола,
Прилеп: Завод за заштита на спомениците на културата, природните реткости и Музеј, 1995.




10. Илија Велкоски, **Преглед и краток опис на културно-историските споменици на територија на општина Прилеп,** Прилеп: Завод за заштита на спомениците на културата, природните реткости и Музеј, 1996.






11. Петре Чагороски, **Казанџискиот занает во Прилеп,** Прилеп: Завод за заштита на спомениците на културата, природните реткости и Музеј, 1996, (каталог од изложба).




12. Петре Чагороски, **Накитот на прилепските ковенции,** Прилеп: Завод за заштита на спомениците на културата, природните реткости и Музеј, 1997, (каталог од изложба).




12. Благоја Талески, **Меморијален Музеј Кузман Јосифоски-Питу,** Прилеп: Завод за заштита на спомениците на културата, природните реткости и Музеј, 1994.




13. Петре Чагороски, **Занаетчиски алати,** Прилеп: Завод за заштита на спомениците на културата, природните реткости и Музеј, 1998.




14. Св. Никола – Варош: 700 години од изградбата и живописувањето, Прилеп: Завод за заштита на спомениците на културата, природните реткости и Музеј, 1998, (каталог од изложба).







15. Христијанството низ материјалната култура во Прилеп и прилепско, Прилеп: Завод за заштита на спомениците на културата, природните реткости и Музеј, 2000, (каталог од изложба).




17. Благоја Атанасоски, **Свети Никола с. Слепче – Прилеп : цртежи на фрески,** Прилеп: Завод за заштита на спомениците на културата, природните реткости и Музеј, 2002.





18. 100 Години од Илинденското востание 1903-2003, Прилеп: Завод за заштита на спомениците на културата, природните реткости и Музеј, 2003.





19. Рубинчо Белчески, **Град Прилеп – Марков Град,** Прилеп: Завод за заштита на спомениците на културата, природните реткости и Музеј, 2003.






20. Благоја Талески, **Кузман Јосифоски-Питу: низ текст и фотографии,** Прилеп: НУ Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј, 2004.






21. Благоја Атанасоски, **Свети Никола Варош – Прилеп: цртежи на фрески и архитектура,** Прилеп: НУ Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј, 2004.







22. Благоја Талески, **Прилеп 1944-1990,** Прилеп: НУ Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј, 2005, (каталог од изложба).






23. 50 години Музеј Прилеп, Прилеп: НУ Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј, 2005.






24. Благоја Атанасоски, **Свети Атанасие с. Рилево – Прилеп: Цртежи на фрески,** Прилеп: НУ Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј, 2006.






25. Graphic prints XVIII-XIX cent. from the collection of Museum Prilep, Prilep: NI Institute for Protection of the Monuments of Culture and Museum, 2006.







26. Графички листови XVIII-XIX век од збирката на Музеј Прилеп, Прилеп: НУ Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј, 2006.





27. Лилјана Кепеска, **Трпчева црква: средновековна некропола,** Прилеп: НУ Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј, 2008.






28. 50 години Музеј Прилеп, [Електорнски извор], Прилеп: НУ Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј, 2010.






29. Александар Цветкоски, **Музеј за тутун Прилеп – каталог,** Прилеп: НУ Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј, 2010.



30. Рубинчо Белчески, **Прилеп низ стари фотографии,** Прилеп: НУ Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј, 2010.



31. Рубинчо Белчески, **Ченто – биографија низ фотографија,** Прилеп: НУ Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј, 2019.






32. Алманах со дедуктивно-едукативни и интерактивни содржини по повод јубилејот осумдесет години народно востание, Прилеп: НУ Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј, 2021.




33. Оливера Јандреска, **Збирка „Епиграфски споменици и камена пластика“,** Прилеп: НУ Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј, 2022.



34. Мимоза Христоска, **Хартиени-графички икони од XVIII до XIX век од збирката на НУ Завод и Музеј – Прилеп,** Прилеп: НУ Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј, 2022.




35. Mimoza Hristoska, **Paper-graphic icons from XVIII to XIX century from the collection of the institute and museum,** Prilep: NI Institute for Protection of the Monuments of Culture and Museum, 2022.



36. Јубилеј 67 години Музеј Прилеп, Прилеп: НУ Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј, 2022.



37. Рубинчо Белчески, **Али Фети Окјар: истомисленик и соработник на Ататурк = Ali Fethi Okyar : Atatürk'ün dostu ve yoldaşı,** Прилеп: НУ Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј, 2023.






38. Мимоза Христоска, **Хартиени-графички икони од XVIII до XIX век од збирката на НУ Завод и Музеј-Прилеп,**
Прилеп: НУ Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј, 2024.




39. Mimoza Hristoska, **Paper-graphic icons from XVIII - XIX century from the collection of the Institute and Museum, Prilep,**
Prilep: NI Institute for Protection of the Monuments of Culture and Museum, 2024.



40. Рубинчо Белчески, **Македонија и Прилеп - Градот херој во борбата против фашизмот,** Прилеп: НУ Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј, 2025.



41. Паре Заревска,
Музејски забавник,
Прилеп: НУ Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј, 2025.



42. Гоце Наумов, **Врбјанска Чука: зрно по зрно, погача,** Прилеп: НУ Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј, 2025.



Биљана Темелкоска
библиотекар советник

МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

Со цел унапредување на културното наследство и размена на знаења, ние, како институција за заштита на културното наследство и музејска дејност, се стремиме кон развој на соработка и размена на искуства со сродни институции од различни земји. Меѓународната соработка не само што ќе го зголеми квалитетот на нашата работа, туку ќе овозможи и размена на практики во областите на конзервација, излагање експонати, едукација на јавноста и презентација на резултатите од работата на стручните лица пред меѓународната јавност.

Меѓународната соработка е од голема важност за глобалното зачувување на културното богатство и размена на знаење. Оваа соработка ќе помогне во изградбата на силни партнерства, во кои сите учесници ќе имаат корист од меѓусебната поддршка и стручност.

Меѓународна соработка со институции

- **Културно богатство на Прилеп.** Комесар: археолог – советник, кустос Бошко Бабиќ. Изложбата е отворена во Крушевац на 27.12.1976 година.
- **Скутините од прилепскиот крај.** Комесар: виш кустос – етнолог Петре Чагороски. Соработници: Рубинчо Белчески, Илија Ристески, Благоја Атанасоски, Димитрија Димески и Неда Крстеска. Претставени се 20 експонати – скутини од прилепскиот крај, и Мариово. Во јуни 2005 година оваа изложба беше поставена во Културно-информативен центар на Република Македонија во Софија, Република Бугарија.






- **Графички листови XVIII-XIX век од збирката на Музеј – Прилеп.** Комесар: историчар на уметност, виш кустос, Славица Алексоска. Соработници: Рубинчо Белчески, Биљана Темелкоска, Димитрија Димески. Презентација на 33 експонати од богатата збирка на графички листови на Завод и Музеј – Прилеп. Датираат од 18-19 век, а потекнуваат главно од светогорските манастири Зограф, Хиландар, Ватопед и Иврион. Изложбата за првпат беше отворена во Македонски културен центар во Њујорк, САД на 24.05.2006 година.



Во 2010 год. изложбата беше презентирана во Риека и Лудберг, Република Хрватска.





Во 2012 година изложбата беше презентирана во Музеј Војводине, Нови Сад, Република Србија.

- **Соработка со Европски центар за византиски и поствизантиски споменици (ЕКБММ) во Солун, Република Грција.**

Раководител на проектот: Бисера Макриевска





Целта на проектот беше да се реализира идна соработка во функција на спроведување заеднички истражувања и реализирање проекти од областа на заштитата на културното наследство со Европскиот центар за византиски и поствизантиски споменици (ЕКБММ) во Солун, Република Грција. Основните цели на Центарот се да промовира научни истражувања од областа на музеологијата, археолошки ископувања, реставрација, конзервација и проучување на византиски и поствизантиски споменици и дела на европско и меѓународно ниво, како и организирање курсеви за обука, доделување стипендии за научни студии или учество во научно-истражувачки проекти, публикување научни студии и сл.

- **Изложба Али Фети Окјар – истомисленик и соработник на Ататурк.**

Раководител на проектот: Рубинчо Белчески

На 12 мај 2025 година, во 19:00 часот, во македонскиот Културно-информативен центар во Истанбул, Република Турција, НУ Завод и Музеј – Прилеп ја отвори изложбата посветена на животот и делото на Али Фети Окјар, истакнат државник, дипломат и близок соработник на таткото на модерна Турција – Мустафа Ќемал Ататурк.



На изложбата беше присутен и Генералниот конзул Идрис Фазлиоски од Генералниот конзулат на Република Северна Македонија во Истанбул. Изложбата ја открива животната патека на Окјар – од неговите корени во Македонија до значајната улога во турската политичка историја, преку архивски материјали, фотографии и документи.



Биљана Темелкоска
библиотекар советник

70 ГОДИНИ НАРОДЕН МУЗЕЈ, ПРИЛЕП – НУ ЗАВОД И МУЗЕЈ, ПРИЛЕП

Следните страници ќе прикажат, преку текст и фотографии, дел од настаните со кои беше одбележан јубилејот „70 години НУ Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј – Прилеп“. Со богата програма на настани се истакна важноста и улогата на Институцијата, како чувар на културното наследство и место на живо културно паметење. Настаните беа осмислени како спој на традицијата и современите културни изрази, обединувајќи изложби, промоции, едукативни активности, перформанси и креативни работилници.

Преку ваквиот динамичен и содржаен пристап, музејот не само што се наврати на својата историја и достигнувања, туку и ја потврди својата улога како отворен простор за дијалог со заедницата и со идните генерации.

„Аче од гостинската соба“





Во една од галериите во „Бабанеделино училиште“, за посетителите ја отворивме „Гостинската соба“ за да ги поставиме цртежите од уметникот Ѓорѓи Ачески и да ја изложиме збирката, којашто НУ Завод и Музеј – Прилеп грижливо ја чува за генерациите што доаѓаат. Со оваа манифестација го одбележавме 111-годишниот роденден на нашиот сограѓанин кој животот го започнал во град со 22 684 жители (1914 г.), со постојано кино **„Занатски дом“** (1934 г.), со формирана **занаетчиска задруга** (1927 г.), со **железничка пруга** (Прилеп – Битола – 1931 г. и Прилеп – Велес – 1936 г.),

со активна драмска секција **„Трезвена Ложа“**, со формирано културно-просветно друштво **„Абрашевиќ“**, со хорови, оркестри, блех-музика, со ликовно-аматерска група **„Сеуметност“**, во која членуваат **Ѓорѓи Ачески** и **Ангеле Иваноски** – едни од најстарите прилепски ликовни творци, кои својата ликовна физиономија ја оформиле со извонредно самозалагање, упорност и самоувереност во претежно земјоделски град во кој растеле вредните бунтовни младинци, кои, при една рака – денски се со алатите, а при другата рака – навечер се со книгите.

Покрај музејската збирка, презентиравме пишан материјал во ракопис – извадоци од неговите автобиографски дневници, коишто се депонирани во архивот на МАНУ, и дела коишто се во сопственост на неговото семејство. Споменатиот материјал, проследен со историски податоци за времето во кое живеел Аче и забелешки од носталгичните муабети што ги водевме со неговите современици, пријатели, колеги, почитувачи, ќе се најдат во монографското издание „Една архитектура на еден музеј“, кое нашата институција ќе го публикува годинава.

Изложбата ја отвори директорката Мимоза Христоска, која го нагласи отпочнувањето на одбележувањето на 70-годишниот јубилеј на институцијата, за животот и творештвото говореше кустос Елизабета Иваноска, за значењето и постигнувањата на Ачески говореше виш кустос Паре Заревска.


Изложбата бележи енормна посетеност и видно искажано задоволство од публиката.

Настанот беше медиумски покриен од страна на сите локални медиуми и известувачи до националните концесионери.



„Во потрага по изгубените зборови на Конески“

Во една пријатна и весела еднодневна работилница го реактуелизиравме животот и делото на Блаже Конески. Во еден ден, учествувајќи во интерактивни работилници, учениците од истоименото основно училиште, ја „*изодија патеката на небрежанчето Блаже*“, зачекорија во „*чевлите на средношколецот*“ и се соочија со сите предизвици што селото ги исправило пред градот и ги победија „демоните на минатото“ – сите недоследности, со коишто во предвоена Македонија се справувале трагачите по научната мисла и како творел студентот и се едуцирал професорот Конески.






Учениците од ООУ „Блаже Конески“, Прилеп, под менторство на своите наставници: Маја Кузманоска, Виолета Христоска, Жаклина Гегоска и Верче Искова, вредно ги сработија енигматските листови доживувајќи го автентичниот амбиент на родниот дом на Конески во Небрегово. Логички расудувајќи на работилниците: „Од ветрот одвеаните зборови на Конески“; „Креативна интерпретација“, и мултимедијално поле за изведување на перформансот „Јас Конески“, дечињата го креираа *животниот пат на Конески*; критички размислувајќи, ги подредија измешаните зборови и хронолошки ги подредија параграфите од неговите кратки есеи. Пред крајот, користејќи ги старинските алатки за пишување, машини за пишување, пародршки и мастилни наливи, ги репродуцираа подредените есеи: „Моето Небрегово“, „Семејно стебло“, „Чаир“, „За љубовта“, „Пубертет“, „Како го напишав „Тешкото“, „Десанка Максимовиќ во градот под *Маркукуле*“,

„Комшилакот во Небрегово“, „Беласица“ и „Двете нескротливи овошки – уметниците Волче Наумчески и Ѓорѓи Ачески“ од Конески.

За да не се заборави учениците креираа „Табла на гордоста“, каде ги изложија своите цртежи.



Во завршниот мултимедијален перформанс, кој го отворија таткото на Прилеп – Борче Јовчески, директорките Мимоза Христоска (НУ Завод и Музеј) и Марина Пројческа (ООУ „Блаже Конески“) учениците рецитираа, пееа и се забавуваа интерпретирајќи го творештвото на великанот Блаже Конески.



Задоволни заклучуваме дека успеавме на нестерилен, плоден и инспиративен начин да ги насочиме младите учесници да го разберат значењето на севкупното творештво и делување на Конески, самите да посакаат да го чуваат неговиот дом и да го почитуваат неговиот лик и дело.

Предавање на тема: „Македонија и Прилеп - Градот Херој во борбата против фашизмот“

По повод 80 години од победата над фашизмот и 50 години од доделувањето на орденот „Народен херој“ на Прилеп, а во годината кога се одбележуваат 70 години од основањето на Народниот Музеј – Прилеп, се одржа манифестација со пригодно предавање на тема: „Македонија и Прилеп – Градот херој во борбата против фашизмот“. Предавањето се одржа во фоајето на НУЦК „Марко Цепенков“-Прилеп.





По повод овие значајни јубилеи, предавачот Рубинчо Белчески, кустос советник, историчар, со исцрпно предавање ги потсети присутните зошто ги одбележуваме истите. Во Република Македонија, како и во светот, денот на победата над фашизмот го одбележуваме како почит кон оние чии животи се положени на олтарот на победата и како опомена на сегашните и идните генерации, никогаш да не се повтори најмрачната страница од историјата на човештвото.

Манифестација „Музеј, училишта, сеќавања ...“



На овој настан, се потсетуваме на нашата дружба, едукацијата за нашето традициско наследство, припремите за глумење, возбудата да застанеш пред камера, што веројатно на многу од вас им било прво искуство со снимање. Тука сме да ви кажеме колку многу нам како институција тоа ни значи, а се надеваме дека и вие се потсетувате на сите тие возбудливи настани.



Преку проекција на ученичките перформанси и доделување плакети за учество во проектот „Училиштата во музеите или музејот во училиштата“, ви се заблагодаруваме за дружбата, посветеноста, вербата во вашите наставници и во нашите стручни лица од проектот, кои многупати ве дочекаа, подучуваа, стоеа зад камерите. Верувајте, дека и ние имавме и трема и страв дали нешто сме постигнале со нашите инструкции, дали вашите наставници добро нè сфатиле, дали вие сте го извежбале текстот и дали ние сме обезбедиле доволно народни носии за снимањето. Веруваме дека и наставниците, кои пожртвувано застанаа зад оваа не баш лесна задача, беа малку уплашени како сето ова ќе успее затоа што никогаш досега никој во Македонија не снимал движења, мимики, гестикулации од народниот трезор на недопирливата култура.




Овој проект, кој 15 години го спроведува нашата институција, го „обои“ нашиот Завод и Музеј со детските, но и со стручните бои, затоа што социјалната и духовната култура е нешто што секојдневно го живееме, па не можеме лесно да ја одвоиме од нас, за да ја погледнеме одделно, како што можеме да видиме барде, синија, тепсија или скулптури. Таа култура, за жал, е и најмногу на удар на современоста, масовните социјални медиуми и новите навики.

Многу ни е мило што нашите гости и „Алумни“ на нашиот проект ги поздрави градоначалникот Борче Јовчески и што имавме можност да растеме и да влијаеме на развивањето на љубовта кон културата, традицијата и нашето минато, но и да влијаеме на размислувањата за избор на идните кариери.



„Цртаме историја - креираме иднина“

Со срце и душа, под раководство на Габриела Христовска, кустос археолог, учениците чекореа по патеките на минатото, посетувајќи ја старата автентична куќа на Кузман Јосифоски-Питу, чиј двор беше нивна творечка оаза.





Тука, меѓу Лапидариумот, етнолошката, археолошката поставка и роднокрајната музичка збирка, ги почувствуваа живите допири на историјата. Секој ученик доби инспиративно писмо, лично посветено, како поттик и охрабрување да ги изрази своите впечатоци и креативност преку дела. Веруваме дека низ нивните раце и срца минатото оживеа и создаде мост кон иднината. Благодарност до учениците од СОУ Гимназија „Мирче Ацев“ – Прилеп и СОУ „Ѓорче Петров“ – Прилеп и до менторот Александар Џинго.

Со срце и боја ја пренесоа историјата на платно – нивните дела не се само уметност, туку и жива приказна што ќе остане!

Секоја чест, млади уметници – вие сте веќе дел од историјата!







Едукативна работилница „Млади археолози“

Стручните лица од НУ Завод и Музеј – Прилеп, раководителот на проектот Оливера Јандреска, виш кустос и археолог, менторот Владимир Крстески – конзерватор и надворешниот соработник Киро Јованоски, архитект, во соработка со професорот по историја Филип Стеваноски и учениците од VII-а и VII-б одделение од ООУ „Страшо Пинџур“, с. Мало Коњари, одржаа едукативна работилница „Млади археолози“. Работилницата се одржа додека се реализираше проектот: „Заштитни археолошки истражувања на гробници во карпа од т.н. „македонски тип“ на археолошкиот локалитет „Крклари“, кој се наоѓа во подножјето на Маркови

Кули. Кај овие гробници специфичен е начинот на градење со длабење во карпи, со што претставуваат единствена појава, а нивни заеднички градежни елементи се дромос (ходник), преткомора и гробна комора, во која биле положувани спалените останки на покојниците. Хронолошки се датираат во II – I век пр.н.е., односно доцнохеленистичкиот период.



Работилницата беше поделена на две фази, теоретска и практична. Учениците во теоретскиот дел изучуваа што значи археологијата како наука, кои се целите на археологијата, што е археолошки локалитет и кратко за значењето на локалитетот Маркови Кули кој е симбол на градот Прилеп. Во практичниот дел се запознаа со теренските ископувања и археолошката документација. Учениците поделени во две групи, цртаа и изучуваа како се изработува техничка документација и секој ученик на милиметарска хартија ја нацрта зададената гробна конструкција со гробни дарови (современи керамички садови). Целта на оваа работилница беше да ја разбудиме љубопитноста за археологијата и да ја развиваме свесноста за значењето на културното наследство.

Одбележување на 110 години од раѓањето на Народниот херој Кузман Јосифоски-Питу (1915-1944)

По повод 110 години од раѓањето на Кузман Јосифоски-Питу, на ден 12.6.2025 година, во неговата родна куќа во Прилеп, Меморијален музеј „Кузман Јосифоски-Питу“, Рубинчо Белчески, кустос советник и историчар, проговори за неговиот лик и неисцрпно дело, а преку фотографии ги прикажа неговите „траги“ низ слободна Македонија за која мечтаел.





Кузман Јосифоски-Питу е една од најсветлите личности во современата македонска историја, великан кој бескомпромисно ги бранел македонските национални особености, продолжувач на Илинденската традиција, еден од главните организатори на антифашистичката борба, личност што го трасирал патот кон македонската државност.

Екфрасија - Цртам зборови - Говорам слики

Десет ликовни уметници и десет литературни творци од градов ја потврдија историјата на поврзаноста на уметничките медиуми во создавањето на она што поминува низ времето, а трае во вечноста.




Како што Хомер во својата Илијада, со незаборав го овековечи Ахиловиот штит, така ја реализиравме еднодневната работилница, којашто започна со поздравно обраќање од директорката Мимоза Христоска во Лапидариумот, а потоа на ликовните творци, академски сликари од Прилеп: Александар Џинго, Ферди Булут, Дарко Талески, Бојана Артиноска, Марта Макеска,

Маја Најдоска, Марјан Стојаноски, Елена Димеска и Славчо Павлески и творците на пишаниот збор, членови од литературниот клуб од Прилеп: Лина Димоска, Марија Симоноска, Петар Петрески, Блага Тутеска, Божана Тренческа, Вера Искова, Марија Ѓорѓиоска, Тони Павлески и Елена Јандреоски, им организиравме тематско водење низ Постојаната археолошка и Постојаната етнолошка поставка. Следеше работилница за синергија, која ја започнавме во Едукативниот центар на Институцијата, каде реализиравме партиципаторна интеракција на која презентиравме избрани експонати, значајни за поедини временски периоди од сите наши поставки. Продолживме во просториите и дворот на „Бабанеделино училиште“, со претставување на Галеријата за икони.

Зборот, не исчезна по изговарањето но, инспирира создавање нови литературни и сликарски творби. Создадените ликовни и поетски творби го збогатија музејскиот фонд и беа претставени на Јубилејната прослава „70 години НУ Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј – Прилеп“ и поврзувајќи ги двата уметнички медиуми останаа трајна инспирација за синкретско творештво во иднина.

Нема ништо поубаво од уметноста. Таа не поминува, таа се помни, таа е вткаена во генезата на оние што допрва ќе се родат.






„Низ историјата", акрил на платно, Ферди Бујут

Јазикот наш

Се распослала светлина од небо до земјата,
како сноп замрсени конци од свилена буба расфрлени низ
просторот за сите нас да ни го разубават денот да ни ја стоплат
душата слушајќи како на мајчиниот јазик зборуваме.
Птиците занесени од сјајот радосно пеат, луѓето опиени од убавината
меѓусебно се гушкаат, а јас сум среќна уживајќи во гледката.
Шетајќи собирам шепоти и во цвет од божурина ќе ги испратам до
сите наши луѓе распрснати по светот на градите да го носат и да се
наслаѓуваат слушајќи како на мајчиниот јазик зборуваме, а така и тие
нема да го заборават јазикот. Пишувам со нашата убава азбука, а во
неа буква по буква стокмени, наредени за потоа да заскитаат низ
хартијата и во мигот што *дозаѓа* се раѓа песна која гали зошто е
испеана на мајчиниот јазик. Во сечии гради чука срцев многу срца,
многу луѓе, сите со една мисла да го чуваме и славиме јазикот наш
македонски.
Боже, бидиси секој ден дарежлив како денес да ги избришиме
разликите што не дворат да се зближиме и да не заборавиме, сите
ние сме исти под ова небо.

Автор: Божана Тренческа




Марија Ѓорѓиоска, акрил на платно

Во галерија

Беше љубител на Уметнички слики,
љубител на музеи,
на стари ископини, на фрески, на икони,
сакаше да посетува цркви и манастири.
Зеде каталог и влезе.
Имаше десетина посетители кои ги разгледуваа уметничките слики.
Одеднаш една жена и еден млад човек застануваат пред него,
му беа свртени со грбовите.
Тој го стави Каталогот пред лицето, а шапката ја стави малку напред
и гледаше низ тоа тесно растојание.

Не можеше човек да се излаже во поглед на тој
грб, елегантен како и секогаш, иако коса над него беше побелена ...
(неговата поранешна жена и неговиот син).
Се приближи тивко и со раката го потапка синот по раменото.
Тој се заврте изненаден
Ох, тато, и ти си тука?
И ти си љубител на уметноста, сине, тоа ме радува.
Ако сакаш ќе те однесам и во музеј.
Ќе ги видиш експонатите од ископините на стари
предмети од старата цивилизација,
разни предмети со кои се занимавале нашите предци.
Ќе видиш стари ковани монети,
стари предмети од грнчарство и прибор за храна,
Сите оние сувенири со кои
се служеле нашите предци.
Ќе сакаш ли?
Да, сакам, ја имам љубовта кон уметноста и старата архитектура како и ти
татко мој.
Ќе те однесам во Варош сине мој, ќе ги видиш сите стари цркви, зашто нашиот
град е прочуен во светот затоа што е богат со многу цркви и обележја. Че те
однесам во Участокот во центарот на градот, каде пукнала првата пушка и да
се запознаеш со првите прилепски борци што ја пукнаа првата пушка.
Ќе те однесам горе на Могила, каде се наоѓа гробницата на нашите паднати
борци за слобода во НОБ.
Ќе те однесам во Галеријата на икони кои се вредни и стари со векови.
Да, се сакам да посетам и видам, да си го збогатам за нашата земја
Македонија.
Да, сине, да знаеш од каде потекнуваш, кои се твоите корени, дека потекнуваш
од Македонија, дека зборуваш и пишуваш на македонски јазик, иако некои
сакаат тоа да го негираат и да го поништат, сине мој.
Ама ние сме силен народ кој си ја сака својата земја, кој дал многу жртви за
оваа наша напатена земја.

Автор: Марија Ѓорѓиоска



„Рефлексија од Фаустина", акрил на платно, Александар Цинго

Резби од минатото

Богати се нашите
засводени извори,
ни го нудат минатото,
ни ја челичат иднината.
Издлабен камен,
изострено копје,
ритуални маски
и жртвеник, благословен одар,
љубовни тајни везби
и борбен штит од вечноста поцврст.
Резбите во нас бодат,
резбите од прапочетокот бодрат
оти богати се нашите
од крв, солзи и бол
застолбени извори.
Колку и да тежи,
дури течат- ќе не има....

Автор: Тони Павлески

Музеј на град Прилеп - таму каде душата на градот живее

Душата на градот
се раѓа тука негде кај центарот,
малку погоре,
одма до Стара црква,
црква со живот и историја.
Почнува во видовите,
каде што ни го чуваат минатото,
каде што ни го чуваат македонското од нас,
истрајното, каменото, историското.
Почнува во видовите каде што се кријат
археолошките пронаоѓаци,
доказот дека нѐ има
и дека сме единствени,
уште од памтивек, некаде пред 8000 години,
2000 години од наша,
6000 години од нивна,
со жртвеникот од Врбјанска чука.

Од тука, душата зрее во таа студена кајза од камен,
каде се чуваат ѕидни камења,
со живот изрежан на нив.
Камења што живот значат.
Во тој наш Прилепски лапидариум,
каде што каменот прилат за мене доби значење,
на него забележав
минато, сегашност, иднина...
Од тука душата продолжува и расте низ етнолошката поставка
која зрачи со боите на мојот народ,
која зрачи со обележјата на мојот народ,
која зрачи со занаетите на мојот народ..
Веднаш до неа,
родникрајно музичката поставка чука во 7/8 такт.
Душата таму ги оживува болезните на
Јанчулевски, Зафировски, Спирова, Петреска,
Ристо Бомбата и Блатко Стефаноски,
и на тие стари инструменти и нотни записи,
музика ми носи...



„Светлост", акрил на платно, Дејко Тошески


Па, од тука душата тлее
и во видовите на домот
на Кулман Јосифоски-Питу,
на улица именувана во чест на сестра му,
на таа славна Мара Јосифоска-Гурма.

Во тој дом чинам,
историјата ни ја пишале,
од поглед на Максим Горки,
гимназиското тајло,
рачно извезените писма
и книшката за факултетско образование,
како душата да ни кажува дека
народот ни носи убави гени,
жилави гени,
издржани гени.

Од тука душата ја гледам како ја оживува
и поставката на икони,
икони кои радост греат,
икони од тој надалеку прочуен зограф,
чиј прибор како пронајдок се чува.

Свегувајќи накај центар,
душата на градот
минува низ Стара чаршија,
покрај чешмата во спомен на Итар Пејо,
низ разлабавените плочки на земјата,
покрај таа изгорената џамија,
и гледа накај тој малку искривен
градски часовник,
кој секогаш с порано две минути
токму она што го прави единствен.
Малата накривеност
е доказ дека тука опстојува векови.
Колку ли луѓе поминале пред тој саат?
Колку ли насмеани лица тој саат пречекал?
Колку ли натажени лица тој саат проводел?
Колку ли љубови го изминале?
Да биле малку, досега ќе беше паднат.

Од тука душата на градот,
дише низ спомениците на нашите дедци
и некако полека стигнува до Участанот ни.
Оној кој на борба ми зраци,
оној кој среќа и гордост носи.



Музеј на град Прилеп - таму каде душата на градот живее

Малата накривеност
е доказ дека тука опстојува векови.
Колку ли луѓе поминале пред тој саат?
Колку ли насмеани лица тој саат пречекал?
Колку ли натажени лица тој саат проводел?
Колку ли љубови го изминале?
Да биле малку, досега ќе беше паднат.

Од тука душата на градот,
дише низ спомениците на нашите дедци
и некако полека стигнува до Участанот ни.
Оној кој на борба ми зраци,
оној кој среќа и гордост носи.
Од тука најубаво се гледа славното Маркулиѓе,
домот на историскиот Марко Крале,
домот на силата на мојот народ.
Тука, под населбата на црквите,
е местото на кое душата го оживува и тутунот-
обележјето на мојот народ,
далеку прочуеното прилепски тутун.

Душата на градот ми е и во прилепскиот мермер,
доказот за цврстината и белината на мојот народ.
Низ кои ли
цркнла нѐ поминал,
и пак бел е,
блешти од среќа.

„Св. Христифор", акрил на платно,
Елена Димовска Николоска

И душата на мојот град,
живее низ поезијата,
сликите,
приказните,
песните...
Душата на градот,
се родила тука кај музејот,
живее насекаде.
Радост и среќа,
а богами и љубов носи.
Но најбитно од сѐ,
историјата ни ја чува,
ни ја варди
онака како нас бабите.
Оти без таа историја,
не ќе нѐ има,
уште од памтивек,
без сиката на тешкото,
не ќе сум пишувала
јас сега поезија
за тоа каде сѐ живее
историјата
за тоа каде сѐ ја наоѓам
душата на градот.

Автор: Елена Јандреовски



„Непокорен", акрил на платно, Маја Пајоска


ГРАДСКИОТ СААТ

Го кренав прилепчани градскиот саат Со своите раце и со својот ум, Во чаршијата и во своето срце, Го извишија високо во небото, А со него ги кренав и своите очи Кои со векови беа кутнати и чии солзи ја миеа калдрмата и судбината.
Го кренав прилепчани градскиот саат Да го мери времето, Да го мери подвигот, Да ги слави коренот и името,
Да зборува без зборови
и само со својата убавина да ја паткрилува минливоста.
Го кренав прилепчани градскиот саат
За да покажат до каде допира нивната крената глава,
А таа е таму некаде, во височините, Меѓу гранките на недосонувани от сон
На детето кое ме држи за рака И гледа нагоре.
Еј векови што заминавте без да се свртите,
Намерно ли ги оставивте време го и крата
Наслинани врз челото на каменот?


Автор: Петар Петрески




„Хитлер", акрил на платно, Марта Макеска



„Прилепската Сат кула", акрил на платно, Славчо Павлоски



„Прилепската Сат кула", акрил на платно, Славчо Павлоски



„Јас, ти и музејот - пред Градскиот саат“

Настанот се одржа на платото пред Градскиот саат, пред главната свеченост по повод 70 години од основањето на музејот, под мотото „Јас, ти и Музејот“, кое потсетува дека музејот не е само зграда, туку жив организам што постои преку луѓето. „Јас“ → како поединец што учи и истражува, „Ти“ → како пријател, посетител или поддржувач, и „Музејот“ → како место што ги поврзува сите.

На овој настан ја претставивме збирката каширани фотографии од Музјејот за тутун „En plein air“, пред случајните минувачи, проследен со концерт на прилепскиот бенд „Lockdown“. Целта на овој настан беше пред сè да се анимираат младите и тие што повеќе да се запознаат со музеите и нашето културно и историско наследство.











KORG

Свеченост по повод 70 години од основањето на музејот

По повод големиот јубилеј – „70 години НУ Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј – Прилеп“, беше организирана свеченост која ја прераскажа историјата на институцијата низ зборови, слики и емоции. Настанот се одржа во Лапидариумот на музејот, меѓу камените сведоци на минатото, симболично избран простор кој ја поврза публиката со суштината на културното наследство.



Во прв план беше ставена визијата на д-р Бошко Бабиќ, првиот директор на музејот, кој уште во 1955 година ја постави основата на институцијата со јасна идеја дека културното наследство не е товар од минатото, туку богатство што треба да се зачува и оживее. Благодарение на неговата посветеност и на сите генерации вработени кои го продолжија неговиот пат, музејот денес е препознатлив чувар на историјата, уметноста и меморијата на Прилеп и прилепско.



Гордана Јанеска Бабиќ (во средината), ќерка на Бошко Бабиќ

Со посебна почит беше оддадена благодарност на пензионираните колеги, чија работа останува темел врз кој се гради денешниот музеј, како и на сегашниот тим од археолози, историчари, етнолози, конзерватори, библиотекари, архивари, на сите вработени и многу други професионалци. Секој од нив со своја улога и страст придонесува музејот да биде жив, модерен и достапен.





Овој јубилеј беше повеќе од прослава. Тој беше времеплов низ седум децении труд, визија и љубопитност, но и поглед кон иднината – кон нови изложбени концепти, дигитални алатки, едукативни програми и современи форми на дијалог со публиката.

Со свечената програма беше испратена јасна порака: музејот е дом на историјата, уметноста и сеќавањата, но и живо срце што 70 години чука за културата на Прилеп и ќе продолжи да чука и во иднина.


Паре Заревска
виш кустос

НАГРАДИ И ПРИЗНАНИЈА


Во своето седумдесетгодишно постоење, Народниот музеј – НУ Завод и Музеј - Прилеп претставува една од најзначајните културни и научни институции во Македонија, која со својата континуирана, плодна и посветена работа има дадено исклучителен придонес во заштитата, проучувањето и афирмацијата на историското и културното наследство на градот Прилеп и неговата поширока околина.

Во текот на деценииите, институцијата е повеќепати наградувана и призната за својот професионален ангажман, научно-истражувачка дејност и богатиот музејски и изложбен опус. Музејот е добитник на голем број награди, медали, благодарници и признанија од сродни научни, културни и образовни институции како и од бројни општествени и граѓански здруженија. Во рамките на своето постоење, НУ Завод и Музеј - Прилеп реализирал и бројни проекти од национално и меѓународно значење, воспоставил соработка со еминентни институции и експерти, и успешно ја афирмирал културната историја на Прилеп во поширокиот европски контекст.

Сите овие признанија претставуваат потврда за долготрајната и посветена работа на музејот, како и за неговата мисија во зачувување на материјалното и духовното наследство на Прилеп и Македонија.







ПИОНЕРСКИОТ ДОМ „МИРЧЕ АЦЕВ" - ПРИЛЕП

ПРИЗНАНИЕ

На НАРОДЕН МУЗЕЈ

ПРИЛЕП


За активна соработка во решавањето на задачите и проблемите на Пионерскиот дом „Мирче Ацев" во Прилеп, за заедничката цел социјалистичкото воспитување на членовите на Сојузот на пионерите во домот и пионерските одреди.





SAVEZ ARHEOLOŠKIH DRUŠTAVA JUGOSLAVIJE

1950 1975



PRZEDSIĘBIORSTWO PAŃSTWOWE

Pracownie Konserwacji Zabytków

Medal Pamiątkowy

XXXV-LECIA PP PKZ



МАКЕДОНСКИ НАЦИОНАЛЕН КОМИТЕТ - ИКОМОС
MACEDONIAN NATIONAL COMMITTEE - ICOMOS

БЛАГОДАРНИЦА



30

1948-1978

Институтот за национална историја — Скопје по повод 30 години од своето постоење доделува

ПЛАКЕТА

на


Градски музеј - Прилеп

За особен придонес во работата, развојот и афирмацијата на Институтот за национална историја

Бр. 59
17. X. 1978

ДИРЕКТОР
Д-р ОРДЕ ИВАНОСКИ

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТОТ
Д-р МИЛЕ ТОДОРОВСКИ



ДОМ НА КУЛТУРАТА – РЕСЕН

Врз основа Одлуката на Собирот на работните луѓе бр. од 19-VI-79 година, Домот на културата – Ресен во знак на признание

ДОДЕЛУВА

БЛАГОДАРНИЦА

НА

Народен Музеј Прилеп


За патриотскиот придонес во збогатувањето фондот на архивско – музејски материјали од историјата на Ресен и Ресенско со подарување на

ДОКУМЕНТИ – ПРЕДМЕТИ

За извршени конзерваторски работи на етнолошки материјали

Бр. бел. 1
Ресен 2-XI-1979 год.

ДИРЕКТОР



ЗАВОД ЗА ЗАШТИТА НА СПОМЕНИЦИТЕ НА КУЛТУРАТА И НАРОДЕН МУЗЕЈ-ОХРИД

БЛАГОДАРНИЦА

ЗАВОД ЗА ЗАШТИТА НА СПОМЕНИЦИТЕ НА КУЛТУРАТА И НАРОДЕН МУЗЕЈ ПРИЛЕП


ЗА ПРИДОНЕС ВО РАБОТАТА

30

години Народен музеј-Охрид
1951 – 2001

ОХРИД, 2001

ДИРЕКТОР
ПАСКО КУЗМАН



КУЛТУРНО – УМЕТНИЧКОТО ДРУШТВО
„МИРЧЕ АЦЕВ"
ПРИ ТУТУНСКИ КОМБИНАТ – ПРИЛЕП
ДОДЕЛУВА

БЛАГОДАРНИЦА

НА

Народен музеј-Прилеп

ЗА ПРИДОНЕС ВО ЗБОГАТУВАЊЕТО
НА КУЛТУРНИОТ ЖИВОТ
ВО ЗДРУЖЕНИОТ ТРУД


Прилеп 22.11.79 год.



POVELJU

Kovačnot muzeju-Zrenjanin

ZA SARADNJU I DOPRINOS NA UNAPREĐENJU MUZEJA GRADA ZENICE



СОБРАНИЕ НА ОПШТИНА — БИТОЛА

ПО ПОВОД 20-ГОДИШНИНАТА ОД ФОРМИРАЊЕТО НА ОДБОРОТ ЗА ХЕРАКЛЕЈА АНИЧЕСТИС ДОДЕЛУВА:


БЛАГОДАРНИЦА

на Завод и музеј - Прилеп

за придонесот во остварувањето на целите и задачите на споменикот на културата ХЕРАКЛЕЈА АНИЧЕСТИС — Битола.

Битола
08.XI. 1981 г.

Претседател
на Собранието на општина Битола
Павле Георгиевски




СОЈУЗ НА БОРЦИТЕ
ОД НАРОДНООСЛОБОДИТЕЛНАТА
И АНТИФАШИСТИЧКА ВОЈНА НА МАКЕДОНИЈА
1941 - 1945

БЛАГОДАРНИЦА

ЗАВОД ЗА ЗАШТИТА НА СПОМЕНИЦИТЕ
на НА КУЛТУРАТА И МУЗЕЈ - ПРИЛЕП

за посебен придонес и поддршка во остварувањето на целите и задачите на СБМ на планот на негувањето и развивањето на традициите од НОВВМ 1941-1945



FLETËFALENDËRIMIN
ZAHVALNICU
TESEKKÜR

NARODNOM MUZEJU - PRILEP



muzeja grada Zenice

"ZAHVALNICA"

Narodnog muzeja Prilep

Zenica
7 XI 1976



Народниот музеј в Штипско
кој в Штип, в повод 25 го
јубилеја в сеј ја рата
добива

БЛАГОДАРНИЦА

на

Народен музеј
Прилеп
в учеш рата и соработка

25-XI-1975
во Штип

Собир в работните луѓе
Претседател
Кирил Ефремов



ТУРИСТИЧКИОТ СОЈУЗ НА МАКЕДОНИЈА
ОДБЕЛЕЖУВАЈЌИ ЈА 25-ГОДИШНИНАТА ОД СВОЕТО
ОСНОВАЊЕ

ЈА ДОДЕЛУВА ОВАА


Благодарница

НА

Народен музеј-Прилеп

ЗА ПОСЕБЕН ПРИДОНЕС ВО РАЗВОЈОТ И УНАПРЕДУВАЊЕТО НА ДЕЈНОСТА НА ТУРИСТИЧКАТА ОПШТЕСТВЕНА ОРГАНИЗАЦИЈА И НА ТУРИЗМОТ ВО СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

СКОПЈЕ, ДЕКЕМВРИ 1978 ГОДИНА



СОВЕТОТ ЗА ГРИЖИ И
ВОСПИТУВАЊЕ НА ДЕЦАТА
П Р И Л Е П

1942

СОЈУЗ НА ПИОНЕРИТЕ
СОВЕТ ЗА ГРИЖИ И
ВОСПИТУВАЊЕ НА ДЕЦАТА
НА ЈУГОСЛАВИЈА

1972

СОВЕТОТ
ЗА ГРИЖИ И ВОСПИТУВАЊЕ НА ДЕЦАТА
ПРИЛЕП

ПО ПОВОД 30-ГОДИШНИНАТА ОД ФОРМИРАЊЕТО НА СОЈУЗОТ НА ПИОНЕРИТЕ НА ЈУГОСЛАВИЈА
И 25-ГОДИШНИНАТА НА СОВЕТОТ ЗА ГРИЖИ И ВОСПИТУВАЊЕ НА ДЕЦАТА

ЈА ДОДЕЛУВА ОВАА

ДИПЛОМА

НА

НАРОДЕН МУЗЕЈ
ПРИЛЕП

ЗА ЗНАК НА ПРИЗНАНИЕ ЗА ПРИДОНЕСОТ ВО РАЗВИВАЊЕТО НА ПИОНЕРСКАТА ОРГАНИЗАЦИЈА, ГРИЖАТА И ЗАШТИТАТА НА ДЕЦАТА

ПРИЛЕП, 29 НОЕМВРИ 1972 ГОД



АРХЕОЛОШКИ МУЗЕЈ
НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

по повод 100-годишнината од основањето
доделува

Награда

на

НУ Завод и Музеј - Прилеп

за придонес во работата на
Археолошкиот музеј

Скопје,
1.04.2024

Директор
д-р Славица Бабамова



ICOM

По повод јубилејот 20 години од формирањето на Македонскиот национален комитет при Меѓународниот совет на музеите

доделува

БЛАГОДАРНИЦА

на

НУ ЗАВОД ЗА ЗАШТИТА НА СПОМЕНИЦИТЕ НА КУЛТУРАТА И МУЗЕЈ – ПРИЛЕП

За повеќегодишна активна соработка и придонес во работата на здружението МНК-ИКОМ

Скопје, 10.12.2013 г.

м-р Симонида Милковиќ
Претседател МНК-ИКОМ



УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ"
ЈНУ ИНСТИТУТ ЗА МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК
„КРСТЕ МИСИРКОВ" – СКОПЈЕ

ДОДЕЛУВА

БЛАГОДАРНИЦА


НА

НУ ЗАВОД И МУЗЕЈ ВО ПРИЛЕП

за зачувување и промовирање
на ликот и делото на Блаже Конески

15.12.2020 г.,
Скопје

проф. д-р Елена Јованова-Грујовска,
директорка на Институтот за македонски јазик
„Крсте Мисирков" – Скопје



ПЛАНИНАРСКО СПОРТСКО
ДРУШТВО "АЛПИНА" - ПРИЛЕП

ДОДЕЛУВА

БЛАГОДАРНИЦА

На ЗАВОД И МУЗЕЈ ПРИЛЕП

За учество на првиот планинарски маратон организиран по повод празникот 11-ти Октомври
ЗА ПРИДОНЕС ВО РЕАЛИЗАЦИЈАТА

ПРИЛЕП
11.10.2006 г.

ПЛАНИНАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА
ДИГАЛА ПЛАНИНСКИ МАРАТОН



ICOM international council of museums Северна Македонија

По повод 30 годишнината од основањето и делувањето

доделува

БЛАГОДАРНИЦА

на


ЈУ Завод и Музеј Прилеп

ЗА ПРИДОНЕС ВО РАЗВОЈОТ НА МНК ИКОМ


Скопје
17.05.2023

Претседател на МНК ИКОМ
Благоја Ѓорошевиќ


В.К. ИЛИНДЕН
Велосипедска, културно-рекреативна тура
Културното наследство низ Прилепското Поле
14 септември 2014 година
БЛАГОДАРНИЦА
на
НУ Завод и музеј Прилеп
за
поддршката во организацијата


МЛАДИНСКА КУЛТУРНА АСОЦИЈАЦИЈА
НА ПРИЛЕП
МКА ПРИЛЕП
ДОДЕЛУВА
БЛАГОДАРНИЦА
На Завод и Музеј-Прилеп
За успешна соработка при реализација на
III МЛАДИНСКИ ПОЕТСКИ ФЕСТИВАЛ
Прилеп 2005
МКА ПРИЛЕП
Прилеп, 29 мај 2005 г.
МКА Прилеп
Виктор Андоновски


Институтот за старословенска култура
– Прилеп –
по повод дваесетипетгодишнината
од својата дејност
додедува
Б Л А Г О Д А Р Н И Ц А
на
НУ-Завод за заштитата на
спомениците на културата
и музеј
за посебен придонес во
институционалниот развој на
на Институтот за старословенска култура
- Прилеп
директор, д-р Бранислав Ристески
Прилеп, 12.2005


ДНЕВЕН ЦЕНТАР
ЗА ДЕЦА СО ПОСЕБНИ ПОТРЕБИ
ПРИ
Ј.У. МЕЃУОПШТИНСКИ ЦЕНТАР
ЗА СОЦИЈАЛНА РАБОТА-ПРИЛЕП
ДОДЕЛУВА
БЛАГОДАРНИЦА
НА
Н.У. ЗАВОД ЗА ЗАШТИТА НА
СПОМЕНИЦИТЕ НА КУЛТУРА
И МУЗЕЈ-ПРИЛЕП
ЗА
УСПЕШНА СОРАБОТКА И ПРИДОНЕС
ВО РЕАЛИЗАЦИЈАТА НА ТЕКОВНИТЕ
АКТИВНОСТИ ВО ДНЕВНИОТ ЦЕНТАР
ЗА ДЕЦА СО ПОСЕБНИ ПОТРЕБИ
ПРИЛЕП
Прилеп
02 декември 2005 год.
директор


ИНИЦИЈАТИВНИОТ ОДБОР
ЗА ИЗГРАДБА НА ЦРКВАТА
"Св. ПЕТКА" населба Точила
ја доделува оваа
БЛАГОДАРНИЦА
на НУ "Завод за заштита на спомениците
на културата и музеј" - Прилеп
за Вашата донација за изградба на црквата
Св. Петка" населба Точила


МЕЃУНАРОДЕН КАРНЕВАЛ
INTERNATIONAL CARNIVAL
Прочка
Прилеп
З.Г. ПРИЛЕПСКИ МЕЧКАРИ
ДОДЕЛУВА
БЛАГОДАРНИЦА
НА
Национална установа
Завод и музеј


Локална самоуправа - ПРИЛЕП

КОМИСИЈАТА ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ 3-ТО НОЕМВРИСКИ НАГРАДИ НА ДЕНОТ НА ОСЛОБОДУВАЊЕТО НА ПРИЛЕП МУ ДОДЕЛУВА НАГРАДАТА „ТРЕТИ НОЕМВРИ"

ДИПЛОМА

„ПРИЛЕП"

на Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј Прилеп

ЗА ПОСЕБНИ ПОСТИГНАТИ РЕЗУЛТАТИ ВО РАЗВОЈОТ НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА - ПРИЛЕП

ПРЕТСЕДАТЕЛ


ТРЕТО НОЕМВРИСКА НАГРАДА

ОПШТИНА ПРИЛЕП ДОДЕЛУВА

ПЛАКЕТА

НА

ЗАВОД ЗА ЗАШТИТА НА СПОМЕНИЦИТЕ НА КУЛТУРАТА И МУЗЕЈ-ПРИЛЕП

Прилеп 03.11.2012

Градоначалник Мартин Ристески


50

50 години Фестивал на народни инструменти и песни „Пеце Атанасовски"

СОБРАНИЕТО ДОДЕЛУВА

Благодарница

За особен придонес и афирмација на Фестивалот

на НУ Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј - Прилеп

Прилеп-Долнени 05.07 - 06.07 2024 г.

Претседател: м-р Горан Василески


ICOM

додесува наградата

18 Мај - Меѓународен ден на музеите

за

музејски проект за 2011 година, во категоријата Музеј на годината

на


НУ ЗАВОД ЗА ЗАШТИТА НА СПОМЕНИЦИТЕ НА КУЛТУРАТА И МУЗЕЈ - ПРИЛЕП

за проектите

"Археолошка поставка" и Меморијален музеј "11 Октомври 1941"

Скопје, 17.05.2012

Претседател на МНК ИКОМ


ОПШТИНА ПРИЛЕП

УВЕРЕНИЕ

ПЛАКЕТА "3-ТИ НОЕМВРИ"

на *Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј - Прилеп*

СОДРЖИНА

КУЛТУРА ВО ДВИЖЕЊЕ

ИЗЛОЖБЕНА ДЕЈНОСТ
Реализирани изложби ……4

ЕДУКАЦИЈА, ИНТЕРАКЦИЈА И ИНКЛУЗИЈА
Едукативни проекти ……..…..28
Интерактивни работилници ……...…….38
Инклузија ……..60

ИЗДАВАЧКА ДЕЈНОСТ ……...…….66

МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА
Меѓународна соработка со институции ……...…..80

70 ГОДИНИ НАРОДЕН МУЗЕЈ, ПРИЛЕП – НУ ЗАВОД И МУЗЕЈ, ПРИЛЕП
„Аче од гостинската соба“ …….…… 84
„Во потрага по изгубените зборови на Конески“ ……..….86
Предавање на тема: „Македонија и Прилеп - Градот Херој во борбата против фашизмот“ ……...……..88
Манифестација „Музеј, училишта, сеќавања“ ……...……89
„Цртаме историја - креираме иднина“ ……...….91
Едукативна работилница „Млади археолози“ ……..…….92
Одбележување на 110 години од раѓањето на Народниот херој Кузман Јосифоски-Питу (1915-1944) ……...…….....…94
Екфрасија - Цртам зборови - Говорам слики ……..….94
„Јас, ти и музејот - пред Градскиот саат“ ……...….99
Свеченост по повод 70 години од основањето на музејот …...101

НАГРАДИ И ПРИЗНАНИЈА ……...…103



CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

930.85:069(083.94)
930.85:069.5(497.785)

ОД артефакт до идентитет, седум децении културна меморија : култура во движење / [уредници Биљана Темелкоска, Паре Заревска ; фотографии Димитрија Димески]. - Прилеп : НУ Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј, 2025. - 110 стр. : фотографии ; 24 см

ISBN 978-608-4511-19-9

а) НУ Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј-Прилеп -- Изложби и проекти

COBISS.MK-ID 67530501





ЈАС, ТИ И МУЗЕЈОТ.

" Приказна за култура што постојано се движи – низ изложби, идеи и луѓе што оставија трага во овие седум децении."

